Март 2026

# Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година

# Table of Contents

Вовед ..... 4

**Годишен извештај за развој на пазарот за електронски комуникации за 2025 година ..... 6**

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2025 година ..... 7

2. Фиксна телефонија ..... 8

2.1 Вкупен број на фиксни линии ..... 10

3.1 Број на активни претплатници ..... 16

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) ..... 17

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатни ..... 18

3.5 Испратени СМС и ММС пораки ..... 21

4. Пристап до интернет ..... 22

5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ..... 28

6. Изнајмени линии ..... 31

7. Преносливост на броеви ..... 34

8. Пакети на услуги ..... 36

9. Нотифицирани оператори ..... 39

**Извештај за реализација на активностите утврдени во годишната програма за работа за 2025 година ..... 40**

Нотификации ..... 41

Нумерација ..... 43

Управување со радиофреквенции ..... 45

Анализа на релевантни пазари ..... 56

Регулација на цени и регулаторни обврски ..... 59

Подзаконски акти, решенија и одлуки ..... 62

Контрола и мониторинг на радиофреквенции, стручен надзор и параметри за квалитет на јавните електронски комуникациски мрежи ..... 64

Грижа за корисници ..... 69

Меѓународна соработка, роаминг и јавни состаноци ..... 71

Безбедност и интегритет на мрежи ..... 73

Активности во секторот за информатички технологии ..... 76

Надзор на безбедноста и интегритетот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги ... 77

**Годишен финансиски извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година 80**

Извештај за реализирани расходи и приходи на агенцијата за електронски комуникации во 2025 година ... 80

2.Реализирани Расходи ... 82

Реализирани приходи ... 110

Прилог споредбени показатели на планиран и реализиран годишен финанскиски план на агенцијата за електронски комуникации за 2025 и 2024 година ... 116

**Извештај за состојбата на компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година ... 124**

Годишна сметка за 2025 година ... 125

**Ревизорски извештај од независен овластен ревизор ... 135**

Став на Агенцијата за елетронски комуникации во однос на резултатите од извршената ревизија ... 174

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) за 2025 година опфаќа широк опсег на активности што се однесуваат на надлежностите и обврските на АЕК согласно Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила нашата земја истакнати како законска обврска на отчет на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно Законот за електронски комуникации, извештајот содржи: Извештај за развој на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во претходната година; Извештај за реализација на активностите утврдени во Годишната програма за работа на АЕК во претходната година; Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани групирани по структури и по организациона структура на Агенцијата; Ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршена ревизија и извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, која содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.

Во Извештајот се презентирани активностите на АЕК во насока на исполнување на Годишната програма за работа на АЕК за 2025 година. Нејзините секојдневни активности вклучуваат регулација на пазарот на електронските комуникации, промовирање на ефикасна конкуренција во областа на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги, со што им се овозможува на крајните корисници да имаат можност за избор, цена и квалитет на пристапот до електронските комуникациски услуги, стимулирање на ефикасни инвестиции во изградба на телекомуникациска инфраструктура и поттикнување на иновации, применувајќи ги принципите на технолошки неутрална регулатива и транспарентност, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацискиот простор како ограничени национални ресурси, заштита на интересите на корисниците, решавање на спорови меѓу операторите на јавни електронски мрежи, давателите на јавни електронски услуги и корисниците, како и активности поврзани со надзор над спроведувањето на Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

Органи на Агенцијата за електронски комуникации се Директорот и Комисијата.

Директорот на Агенцијата раководи со работата на Агенцијата, е одговорен за законитото работење на Агенцијата и ги има следниве надлежности:

- ја застапува и претставува Агенцијата,
- потпишува договори во име на Агенцијата,
- ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон,
- презема мерки во согласност со Законот за електронски комуникации во случаите кога е извршена повреда на одредбите од законот или на прописите донесени врз основа на него, како и условите и обврските од издадените решенија и одобренија,
- донесува одлуки, решенија и други акти по прашања од надлежност на Агенцијата во согласност со овој закон и Статутот на Агенцијата,

- ги предлага Статутот, годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година, годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година, како и општите и другите акти што ги усвојува Комисијата на Агенцијата,
- дава овластувања во рамките на своите надлежности,
- овластува лица за вршење на надзор имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност,
- донесува годишна програма за вршење на надзор и поднесува годишен извештај за спроведен надзор како составен дел на годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година и
- врши и други работи утврдени со Законот за електронски комуникации и Статутот на Агенцијата.

Согласно членот 19 од Законот за електронските комуникации Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации ги има следниве надлежности:

- донесува Статут по претходно добиена согласност од Собранието,
- донесува Деловник за својата работа во согласност со законот за електронски комуникации и Статутот на Агенцијата,
- донесува одлука за усвојување на годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година,
- донесува одлука за усвојување на годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година,
- донесува одлука за именување и разрешување на директорот на Агенцијата во согласност со законот за електронски комуникации и по постапка утврдена во Статутот на Агенцијата,
- го следи спроведувањето на годишната програма за работа на Агенцијата преку кварталните извештаи доставени од директорот на Агенцијата,
- донесува одлука за користење на нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, по предлог на директорот на Агенцијата,
- донесува одлука за давање во закуп на слободен деловен простор што Агенцијата не го користи и за висината на закупнината што ќе претставува почетна цена во постапката на јавното наддавање, по предлог на директорот на Агенцијата,
- дава согласност на предлогот на одлуката на директорот на Агенцијата за располагање со имотот на Агенцијата, како и за вработување или престанок на договорот за вработување на вработените во Агенцијата,
- одлучува по приговори на вработени поднесени против решение на директорот на Агенцијата донесено во врска со исполнувањето на правата и обврските од работен однос,
- соработува со други државни органи и институции, органи на единиците на локалната самоуправа и со невладини организации и здруженија на граѓани,
- дава мислења, препораки и предлози до Собранието и други државни органи и институции од областа на електронските комуникации и
- усвојува општи акти за работењето на Агенцијата утврдени во Статутот на Агенцијата, а по предлог на директорот на Агенцијата.

Во текот на 2025 година Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржа 39 состаноци. Во насока на исполнување на целите за транспарентност при својата работа сите записници од работата на Комисијата и донесените одлуки се јавно достапни на веб страната на Агенцијата www.aec.mk.

Овој Годишен извештај за работа на Агенцијата е во согласност со насоките и целите предвидени во Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година која што ја има одобрено Комисијата на АЕК.

# Годишен извештај за развој на пазарот за електронски комуникации за 2025 година

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување 1303-1206/1 од 15.03.2016 година како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во 2025 година се содржани следниве податоци:

**Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти**

| **Услуги за нотификација на субјекти** | | |
|---|---|---|
| **У1** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација | |
| | **Нотифицирани – 13** | **Активни – 12** |
| **У2** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа | |
| | **Нотифицирани – 9** | **Активни - 6** |
| **У3** | Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | |
| | **Нотифицирани – 18** | **Активни – 17** |
| **У4** | Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на интернет или широкопојасен пристап на интернет | |
| | **Нотифицирани – 83** | **Активни – 74** |
| **У5** | Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос и емитување на терестријални радио програмски сервиси, пренос и емитување на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси | |
| | **Нотифицирани – 40** | **Активни – 39** |
| **У6** | Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап. | |
| | **Нотифицирани – 48** | **Активни - 26** |
| **У7** | Други услуги | |
| | **Нотифицирани – 10** | **Активни – 9** |




Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги во 2025 година

## 1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2025 година

Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2025 година

| ИНДИКАТОР | | 2025 | 2024 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 457.763 | 449.868 | 1,75% |
| 2. | Број на фиксни линии според популација 100 | 25,11 | 24,63 | 1,95% |
| 3. | Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.954.643 | 1.919.695 | 1,82% |
| 4. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100 | 107,24 | 105,11 | 2,03% |
| 5. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни уреди) | 549.109 | 538.254 | 2,02% |
| 6. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилни мрежи (2G/3G/4G) | 1.615.040 | 1.549.967 | 4,20% |
| 7. | Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги | 441.523 | 437.569 | 0,90% |

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за 2025 година и 2024 година и промената во проценти.

Вредноста на индикаторот број на активни претплатници според според популација 100 за 2025 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2024 година која изнесува 1.822.612 жители додека за 2024 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2023 година која изнесува 1.826.247 жители.

При презентирање на бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12 месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар.

## 2. Фиксна телефонија

Од 13 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во 2025 година 12 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. А1 Македонија- Скопје,
3. Телекабел- Штип,
4. Неотел- Скопје,
5. Актон-Скопје,
6. Алтра Сат-Охрид,
7. Интерспаце – Скопје,
8. Фреемобиле – Скопје,
9. Мултимедија – Гостивар,
10. ГОУ Нет – Скопје,
11. Софтнет ЕУ – Скопје,
12. Мепсо АД – Скопје,

**Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација**

| ИНДИКАТОР | | 2025 | 2024 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 457.763 | 449.868 | 1,75% |
| -резиденцијални | | 403.315 | 395.572 | 1,96% |
| -деловни | | 54.448 | 54.296 | 0,28% |
| 2. | Поделба на фиксни линии - според технологии | 457.763 | 449.868 | 1,75% |
| 2.1. | Бакар аналогни PSTN линии | 303 | 269 | 12,64% |
| -резиденцијални | | 80 | 58 | 37,93% |
| -деловни | | 223 | 211 | 5,69% |
| 2.2. | Бакар ISDN линии | 0 | 0 | 0,00% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% |
| 2.3. | Бакар ISDN BRA линии | 0 | 0 | 0,00% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% |
| 2.4. | Телефонска линија со 2 канали - | 2.855 | 3.305 | -13,62% |
| -резиденцијални | | 3 | 4 | -25,00% |
| -деловни | | 2.852 | 3.301 | -13,60% |
| 2.5. | Бакар ISDN PRA-линии | 0 | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% |
| 2.6. | Телефоска линија со 10, 20 и 30 канали- бакар VoIP | 98 | 108 | -9,26% |
| -деловни | | 98 | 108 | -9,26% |
| 2.7 | Бакар (VoIP) | 102.221 | 112.414 | -9,07% |
| -резиденцијални | | 93.032 | 101.934 | -8,73% |
| -деловни | | 9.189 | 10.480 | -12,32% |
| 2.8. | Линии преку безжични технологии | 96.556 | 95.108 | 1,52% |
| -резиденцијални | | 84.288 | 82.909 | 1,66% |
| -деловни | | 12.268 | 12.199 | 0,57% |
| 2.8.1 | WiMax (VoIP) | 3.743 | 3.426 | 9,25% |
| -резиденцијални | | 3.436 | 3.110 | 10,48% |
| -деловни | | 307 | 316 | -2,85% |
| 2.8.2 | Преку мобилни комуникациски мрежи | 92.696 | 91.597 | 1,20% |
| -резиденцијални | | 80.791 | 79.742 | 1,32% |
| -деловни | | 11.905 | 11.885 | 0,17% |
| 2.8.3 | Wi-Fi (VoIP) | 117 | 85 | 37,65% |
| -резиденцијални | | 61 | 57 | 7,02% |
| -деловни | | 56 | 28 | 100,00% |

| ИНДИКАТОР | | 2025 | 2024 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 2.9.1 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) | 15.591 | 16.637 | -6,29% |
| -резиденцијални | | 13.662 | 14.601 | -6,43% |
| -деловни | | 1.929 | 2.036 | -5,26% |
| 2.9.2 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) | 81.370 | 83.808 | -2,91% |
| -резиденцијални | | 76.016 | 78.306 | -2,92% |
| -деловни | | 5.354 | 5.502 | -2,69% |
| 2.10 | LAN (VoIP) | 6.446 | 7.875 | -18,15% |
| -резиденцијални | | 5.623 | 6.952 | -19,12% |
| -деловни | | 823 | 923 | -10,83% |
| 2.11 | FTTx (VoIP) | 152.323 | 130.344 | 16,86% |
| -резиденцијални | | 130.611 | 110.808 | 17,87% |
| -деловни | | 21.712 | 19.536 | 11,14% |
| 3. | Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор | / | / | / |
| 4. | Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор | / | / | / |

## 2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по видот на претплатници (резиденцијални или деловни). Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.

Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во 2025 година е зголемен за 1,75% во споредба со 2024 година.

Бројот на PSTN линиите во однос на 2024 година е зголемен за 12,64%.

Бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа се намалил за 9,07% за периодот од една година.

Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во 2025 година изнесува 96.556 односно може да се забележи раст од 1,52% во однос на 2024 година.

Линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) бележат пад од 6,29% во однос на претходната година, додека линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) бележат пад од 2,91% во однос на 2024 година.

Бројот на линии преку LAN мрежа изнесува 6.446 и бележат пад од 18,15% во однос на 2024 година.

Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ- Струга, Спајдер- Гевгелија, Пирамида- Делчево, Вива Нет- Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.

Како што може да се забележи од табелата во 2025 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 152.323 бележи раст од 16,86% за период од една година.

Услугата предизбор на оператор не се користи од страна на алтернативните оператори со почеток од првиот квартал од 2022 година.




**Графикон 2 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали**

Во графиконот бр.2 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во првиот и вториот квартал од 2025 година и вториот, третиот и четвртиот квартал од 2024 година. Воочливо е дека бројот на фиксни линии според популација 100 во текот на сите прикажани пет квартали се движи во дијапазон од 24% до 25%.

Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според според популација 100 за вториот и првиот квартал од 2025 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2024 година која изнесува 1.822.612 жители додека за вториот, третиот и четвртиот квартал од 2024 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2023 година која изнесува 1.826.247 жители.

| Бр. | ОПЕРАТОР | 2025 | 2024 | Разлика (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 51,40% | 51,02% | 0,38% |
| 2 | А1 Македонија | 43,22% | 43,37% | -0,15% |
| 3 | Неотел | 1,60% | 1,60% | 0,00% |
| 4 | Телекабел | 3,23% | 3,55% | -0,32% |
| 5 | Актон | 0,55% | 0,46% | 0,09% |
| 6 | Софтнет | 0,00% | / | / |
| | | 2025 | 2024 | Промена (%) |
| СМП оператор | | 51,40% | 51,02% | +/-0,38% |
| Алтернативни оператори | | 48,60% | 48,98% | |

Табела 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба во 2025 година

Во табелата 4 е прикажан уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според фиксни линии. Почнувајќи од третиот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори/даватели на услуги кои со текот на времето го зголемија своето учество (според претплатници, приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија. Во 2025 година уделот на алтернативните оператори според број на фиксни линии изнесува 48,60% што во однос на претходниот квартал преставува пад за 0,38 процентуален поен.




Графикон 3 Удел на оператори според фиксни линии во 2025 година

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во 2025 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 51,40%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има А1 Македонија со 43,22%, понатаму следуваат: Телекабел (3,23%), Неотел (1,60%), Актон (0,55%) додека учеството на Софтнет е незначително.




**Графикон 4 Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницииран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2025 и 2024 година.**

Во графиконот бр. 4 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна телефонска мрежа на фиксна локација по претплатник во 2025 година и во 2024 година. Како што може да се забележи од графиконот во 2025 година претплатниците просечно иницирале 4,89 повици месечно. Сообраќајот во сопствена мобилна мрежа изнесува 1,56 повици (31,90%). Бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ изнесува 0,49 повици (10,02%) во сопствена фиксна мрежа бројот на повици е 1,36 (27,81%) додека пак кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесуваа 1,40 повици (28,63%) односно 0,08 повици (1,64%) кон мрежи во странски држави. Споредено со 2024 година може да се забележи намалување на бројот на повици во сопствена фиксна мрежа и во сопствена мобилн мрежа.




**Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницииран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2025 година и 2024 година.**

Во графиконот бр. 5 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницииран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2025 година и 2024 година. Како што може да се забележи од графиконот во 2025 година претплатниците просечно зборуваат 10,90 минути. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 3,39 минути (31,10%). Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 1,37 минути (12,56%) сообраќајот во сопствена мобилна мрежа изнесува 2,97 минути (27,25%) додека пак сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 3,02 минути (27,71%) односно 0,15 минути (1,38%) кон мрежи во странски држави. Споредено со 2024 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќајот кон сите дестинации.

| Бр. | ОПЕРАТОР | 2025 | 2024 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 130 | 140 | -7,14% |
| 2 | А1 Македонија | 163 | 155 | 5,16% |
| 3 | Неотел | 122 | 125 | -2,40% |
| 4 | Телекабел | 213 | 243 | -12,35% |
| 5 | Актон | 74 | 90 | -17,78% |
| 6 | Софтнет | 134 | / | / |

**Табела 5 Просечно времетраење на иницииран разговор по претплатник (во секунди) во 2025 и 2024 година**

Во табела 5 е дадено просечното времетраење на инициран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за 2025 и 2024 година и промената во проценти.

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во 2025 година кај просечното времетраење на инициран разговор по претплатник во однос на претходната година раст бележи единствено операторот А1 Македонија.

Од 9 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во 2025 година 6 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа и тоа:

1. Македонски Телеком АД Скопје,
2. А1 Македонија Скопје,
3. Мтелмобајл – Скопје,
4. Телекабел – Штип,
5. Греен Мобиле – Прилеп,
6. МТЕЛ – Скопје.

**Табела 6 Индикатори- мобилна телефонија**

| Бр | ИНДИКАТОР | 2025 | 2024 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.954.643 | 1.919.695 | 1,82% |
| -резиденцијални при-пеид претплатници | | 689.693 | 679.245 | 1,54% |
| -резиденцијални пост-пеид претплатници | | 1.017.408 | 992.157 | 2,55% |
| -деловни пост-пеид претплатници | | 247.542 | 248.293 | -0,30% |

Во Табела бр.6 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за 2025 година и 2024 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот раст од 1,82% на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во 2025 година во однос на претходниот година. Бројот на резиденцијалните пост-пеид претплатници бележат раст од 2,55%, деловните бележат пад од 0,30% во однос на 2024 година

### 3.1 Број на активни претплатници




**Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2025 и 2024 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100**

Во графиконот бр.6 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во текот на вториот, третиот и четвртиот квартал од 2024 година и првиот и вториот квартал од 2025 година. Вредноста на индикаторот бројот на активни претплатници според популација 100 за првиот и вториот квартал од 2025 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2024 година која изнесува 1.822.612 жители додека за вториот, третиот и четвртиот квартал од 2024 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2023 година која изнесува 1.826.247 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 30.06.2025 година сите оператори имаат вкупно 1.954.643 активни претплатници.




**Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници 2025 година**

Податоците од Графиконот бр.7 за уделот на мобилните оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници покажува дека А1 Македонија учествува со 48,08%, Македонски Телеком учествува со 45,93%, МТЕЛ има пазарен удел од 4,42%, Телекабел има пазарен удел од 1,36%, Мтелмобајл има пазарен удел од 0,10% Греен Мобиле има пазарен удел од 0,11% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.

## 3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво)




**Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2025 и 2024 година**




**Графикон 9-Соодност на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2025 и 2024 година**

Во графиконот бр.9 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2025 година и 2024 година. Од графиконот може да се забележи дека во вториот квартал од 2025 година пазарниот удел на пост-пеид претплатниците изнесува 63,35% односно покажува пад од 1,53 процентуални поени во однос на претходниот квартал.




**Графикон 10-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницииран од јавна мобилна комуникациска мрежа во 2025 и во 2024 година**

Во графиконот бр.10 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницииран од јавна мобилна комуникациска мрежа во 2025 година и во 2024 година. Како што може да се забележи од графиконот во 2025 година претплатниците просечно зборуваат 228,03 минути. Најголем дел се остварува во сопствена мобилна мрежа и изнесува 143,27 минути (62,83%). Сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 80,99 минути (35,52%). Сообраќајот во сопствена фиксна мрежа изнесува 1,51 минути (0,66%) до дека пак сообраќајот кон други фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 1,97 минути (0,86%) односно 0,29 минути (0,13%) кон мрежи во странски држави. Споредено со 2024 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќај кон сите дестинации.




**Графикон 11 -Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во 2025 и 2024 година.**

Во графиконот бр.11 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа по претплатник во 2025 и 2024 година. Како што може да се забележи од графиконот во 2025 година претплатниците просечно иницирале 104,05 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена мобилна мрежа и изнесува 65,86 повици (63,29%). Бројот на повици кон други мобилни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 36,05 повици (34,65%). Бројот на повици во сопствена фиксна мрежа изнесува 0,92 повици (0,88%), додека пак кон фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 1,09 повици (1,04%) односно 0,14 повици (0,13%) кон мрежи во странски држави. Споредено со 2024 година може да се забележи зголемување на повиците во сопствена мобилна мрежа и кон други мобилни мрежи.

### 3.5 Испратени СМС и ММС пораки




**Графикон 12-Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во 2025 година**

Од графиконот бр.12 може да е заклучи дека А1 Македонија учествува со 51,18% во вкупниот број на испратени СМС пораки во 2025 година. Учеството на Македонски Телеком изнесува 44,91%, МТЕЛ 2,79%, Телекабел учествува со 0,40%, Мтелмобајл 0,40% и Греен Мобиле со 0,32%.




**Графикон 13-Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во 2025 година**

Од графиконот бр.13 може да се заклучи дека Македонски Телеком учествува со 71,42% во вкупниот број на испратени ММС пораки во вториот квартал од 2025 година. Учеството на А1 Македонија  изнесува 26,51%.

## 4. Пристап до интернет

Од 83 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК, 74 субјекти обезбедуваа услуги за пренос на податоци во 2025 година, и тоа:

1. Телекабел – Штип,
2. Теленет Ком – Тетово,
3. Нет Кабел – Струмица,
4. Македонски Телеком – Скопје
5. Телесмарт Телеком – Скопје,
6. Мол Комуникација – Скопје,
7. Ултранет Ултра – Скопје,
8. А1 Македонија – Скопје,
9. Балкантел – Скопје,
10. Неотел – Скопје,
11. Канал 16 – Ресен,
12. Кабел Нет – Прилеп,
13. Инфел – Охрид,
14. Алтра Сат 2000 – Охрид,
15. Комбо 2003 – Куманово,
16. Траншпед Трејд – Скопје,
17. Инел Интернационал – Кавадарци,
18. Стојев Дигитал – Кавадарци,
19. Мултимедија Нетворк – Гостивар,
20. Спајдер Нет – Гевгелија,
21. Спајдер – Гевгелија,
22. Пет Нет – Гевгелија,
23. Вива Нет – Берово,
24. Бив Пирамида – Делчево,
25. Дигинет – Струмица,
26. Тренд А – Струмица,
27. Софтнет ЕУ – Скопје,
28. Актон – Скопје,
29. ТРД Кабел – Валандово,
30. Нетлинк – Струмица,
31. Неонет – Куманово,
32. Глобал Комуникација – Радовиш,
33. Сато Нет – Брвеница,
34. Фикаб – Тетово,
35. Ултранет Системи – Битола,
36. Сурффри – Ранковце,
37. Мултимедиа Нет – Скопје,
38. Кабле Калл – Кичево,
39. Тренд Ком – Штип,
40. Когент Македонија – Скопје,
41. Чулакнет – Битола,
42. Ца Ком Пром – Куманово,
43. МРД – Скопје,
44. Транс Балкан Телеком – Скопје,
45. ИП Системс – Куманово,
46. Скрембл – Струмица,
47. Благост – Радовиш,
48. Македонски Железници – Скопје,
49. Моби Сервис – Прилеп,
50. ИТМ Комуникација – Скопје,
51. Винсат Кабел – Виница,
52. Новонет – Ново Село,
53. ИЦТ НЕТ – Дебар,
54. Скупи Кабле – Скопје,
55. АББА Нет – Струга,
56. Тотал ТВ – Скопје,
57. ИТВ – Скопје,
58. ТВ Нет Комуникации – Скопје,
59. Интерспаце – Скопје,
60. Мах 77-Прилеп,
61. Сигал Нет – Куманово,
62. Кабтел Фибер – Демир Капија,
63. ИПТВ Балкан- Скопје,
64. Трасто Нет – Струмица,
65. Греен Телекомуникации – Прилеп,
66. Алброутинг – Скопје,
67. МЕПСО – Скопје,
68. Фибер Лине – Струмица,
69. Зона Нет Сервис –Скопје,
70. Повер Нет – Гостивар,
71. Ас Антена – Кичево,
72. Пролинк ИЦТ – Скопје,
73. Нет Плус – Скопје,
74. Фибенет – Скопје.

## Табела 7 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег

| Бр | ИНДИКАТОР | 2025 | 2024 | Промена % |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на претплатници на пристап до интернет со тесен опсег | 0 | 0 | 0,00% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% |
| 2. | Број на активни M2M (machine to machine) СИМ картички | 332.417 | 313.966 | 5,88% |
| -резиденцијални | | 730 | 756 | -3,44% |
| -деловни | | 331.687 | 313.210 | 5,90% |
| 3. | Број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) | 1.615.040 | 1.549.967 | 4,20% |
| -резиденцијални | | 1.424.685 | 1.361.026 | 4,68% |
| -деловни | | 190.355 | 188.941 | 0,75% |
| 4. | Број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатниците преку мобилни уреди)* | 549.109 | 538.254 | 2,02% |
| -резиденцијални | | 490.330 | 480.589 | 2,03% |
| -деловни | | 58.779 | 57.665 | 1,93% |
| 4.1 | Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна комуникациска мрежа xDSL | 96.175 | 104.381 | -7,86% |
| -резиденцијални | | 87.298 | 94.471 | -7,59% |
| -деловни | | 8.877 | 9.910 | -10,42% |
| 4.2 | Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна кабелска (HFC)(DOCSIS 1.x, 2,0) мрежа | 27.114 | 34.359 | -21,09% |
| -резиденцијални | | 26.234 | 33.256 | -21,11% |
| -деловни | | 880 | 1.103 | -20,22% |
| 4.2.1 | Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна кабелска (HFC)(DOCSIS 3.0) мрежа | 89.878 | 94.527 | -4,92% |
| -резиденцијални | | 84.570 | 88.924 | -4,90% |
| -деловни | | 5.308 | 5.603 | -5,27% |
| 4.3 | Број на претплатници на пристап до интернет преку оптичка мрежа | 216.953 | 182.020 | 19,19% |
| -резиденцијални | | 188.643 | 156.638 | 20,43% |
| -деловни | | 28.310 | 25.382 | 11,54% |
| 4.4 | Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна радиокомуникациска мрежа | 6.382 | 6.353 | 0,46% |
| -резиденцијални | | 5.429 | 5.389 | 0,74% |
| -деловни | | 953 | 964 | -1,14% |

| Бр | ИНДИКАТОР | 2025 | 2024 | Промена % |
|---|---|---|---|---|
| 4.5 | Број на претплатници на пристап до интернет преку изнајмени линии | 1.882 | 1.965 | -4,22% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 1.882 | 1.965 | -4,22% |
| 4.6 | Број на претплатници на пристап до интернет - LAN мрежа | 21.335 | 26.707 | -20,11% |
| -резиденцијални | | 19.980 | 25.155 | -20,57% |
| -деловни | | 1.355 | 1.552 | -12,69% |

Во табелата 7 точка бр.1 е даден бројот на активни резиденцијални и деловни претплатници на пристап до интернет со тесен опсег во 2025 и 2024 година и промената во проценти (%).

Може да се забележи дека во 2025 година нема претплатници на пристап на интернет со тесен опсег исто како и во претходната година.

Во точка бр.2 е даден бројот на активни M2M (machine to machine) СИМ картички, нивниот број во 2025 година изнесува 332.417 картички споредено со 2024 година може да се забележи раст од 5,88%.

Во точка бр.3 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) каде што се забележува раст од 4,20% во однос на 2024 година.

Во точка бр.4 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет со широк опсег нивниот број изнесува 549.109 претплатници односно може да се забележи раст од 2,02% во однос на 2024 година.

Во подточките од точка бр.4 се поделени активните претплатници на пристап на интернет со широк опсег по технологии. Во точка бр.4.1 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна комуникациска мрежа xDSL  каде што може да се забележи пад од 7,86% во однос 2024 година.

Во точка бр.4.2 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна кабелска (HFC)(DOCSIS 1.x, 2,0) мрежа кој во вториот квартал од 2025 година изнесува 27.114 претплатници каде што може да се забележи пад од 10,74% во однос на претходниот квартал и пад од 21,09% во однос на вториот квартал од 2024 година.

Во точка бр.4.2.1 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна кабелска (HFC)(DOCSIS 3.0) мрежа кој во 2025 година изнесува 89.878 претплатници каде што може да се забележи пад од 4,92% во однос на 2024 година

Во точка бр.4.3 се дадени бројот на претплатници на пристап на интернет преку оптичка мрежа и нивниот број изнесува 216.953 претплатници. Споредено со 2024 година бројот на претплатници на пристап на интернет преку оптичка мрежа е зголемен за 19,19%.

Во точка бр.4.4 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна радиокомуникациска мрежа кој изнесува 6.382 претплатници односно споредено со 2024 година бројот на претплатници е зголемен за 0,46%.

Во точка бр.4.5 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку изнајмени линии, каде се забележува пад од 4,22% споредено со 2024 година.

Во точка бр.4.6 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку LAN мрежи, каде се забележува пад од 20,11% во однос на 2024 година.

*Во точката бр.4 се вклучени и претплатниците на фиксен широкопојасен пристап на интернет преку мобилни мрежи (LTE/UMTS) чиј број изнесува 89.390 претплатници (78.176-резиденцијални претплатници и 11.214-деловни претплатници).




**Графикон 14- Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во 2025 година.**

Во Графиконот бр.14 е даден уделот на операторите во вкупниот број на активни претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во 2025 година. Како што може да се забележи од графиконот, А1 Македонија има пазарен удел од 48,22%, Македонски Телеком учествува со пазарен удел од 45,54% , МТЕЛ со 4,36%, Телекабел има пазарен удел од 1,65%, Греен Мобиле има пазарен удел од 0,13% додека Мтелмобајл има пазарен удел од 0,10%.






**Графикон 15- Удел на операторите во вкупниот број на активни М2М (machine to machine) СИМ картички во 2025 година.**

Во Графиконот бр.15 е даден уделот на операторите во вкупниот број на активни М2М (machine to machine) СИМ картички во 2025 година. Како што може да се забележи од графиконот Македонски Телеком учествува со пазарен удел од 64,64% додека А1 Македонија има пазарен удел од 35,36%.




**Графикон 16-Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во 2025 година***

Во Графиконот бр.16 е даден уделот на претплатници на пристап до интернет по технологии во 2025 година, од графиконот може да се забележи дека најголем процент им припаѓа на оние претплатници кои имаат пристап до интернет преку јавна оптичка мрежа кој изнесува 39,51%. Понатаму следуваат претплатниците кои имаат пристап до интернет преку јавна CaTV мрежа нивниот удел е 21,31%, следуваат претплатниците преку јавна комуникациска мрежа xDSL 17,51%, LAN мрежа 3,89%, јавна радиокомуникациска мрежа (не се вклучени претплатници преку мобилни мрежи) 1,16% и изнајмени линии 0,34%.

**Табела 8 Индикатори – Број на активни претплатници на широкопојасен пристап на интернет по пристапна брзина за 2025 година.**

| <4 Mbps | 4 Mbps ≤ download <8Mbps | 8 Mbps ≤ download <12Mbps | 12 Mbps ≤ download <16Mbps | 16 Mbps ≤ download <20Mbps | 20 Mbps ≤ download < 30 Mbps | 30 Mbps ≤ download <50 Mbps | 50 Mbps ≤ download <100Mbps | ≥ 100Mbps |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.550 | 12.596 | 34.962 | 25.554 | 5.408 | 113.638 | 105.429 | 161.607 | 85.365 |




**Графикон 17- Удел според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег по оператор во 2025 година**

Во Графиконот бр.17 е даден уделот на операторите/давателите на услуги според број на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег за 2025 година. Како што може да се забележи најголем удел има Македонски Телеком од 40,42% потоа следуваат А1 Македонија 35,54%, Телекабел 11,97%, Мултимедиа Нет 1,10%, Неотел 1,09%, Кабел Нет 1,00%, Инел Интернационал 0,97%, Кабле Калл 0,68%, и Останати 7,23%.

* Пазарниот удел на претплатниците на фиксен широкопојасен пристап на интернет преку мобилни мрежи (LTE/UMTS) изнесува 16,28%.

## 5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници

Од 40 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК за обезбедување на услуги поврзани со радиодифузија, како што се како што се: пренос и емитување на терестријални радио програмски сервиси, пренос и емитување на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси 39 субјект беа активни во 2025 година и тоа:

1.Глобалсат-Скопје,
2.Тотал ТВ-Скопје,
3.А1 Македонија-Скопје,
4.Македонски Телеком- Скопје,
5.Вива нет-Берово,
6.Спајдер-Гевгелија,
7.Спајдер нет-Гевгелија,
8.Мултимедија нетворк-Гостивар,
9.БИВ Пирамида-Делчево,
10. Омега Плус Нет-Демир Хисар,
11. Инел интернационал-Кавадарци,
12. Траншпед трејд - Скопје,
13. Алтра сат 200-Охрид,
14. Инфел-Охрид,
15. Кабел нет-Прилеп,
16. Канал 16-Ресен,
17. Арт нет-Струга,
18. ТРД Кабел-Струмица,
19. Скрембл-Струмица,
20. Теленет ком-Тетово,
21. Телекабел-Штип,
22. Мултимедиа-Нет-Скопје
23. Кабелкалл- Кичево,
24. Скупи кабле-Скопје,
25. Комбо 2003- Куманово
26. ИП Системс- Куманово
27. Пет Нет- Гевгелија,
28. Винсат Кабел – Виница,
29. Кабел Нет – Струмица,
30. Моби Сервис – Прилеп,
31. МРД – Скопје,
32. Мтел – Скопје,
33. Неотел-Скопје,
34. Сигнал Нет – Куманово.
35. Кабтел Фибер – Демир Капија,
36. Нафи и Беко – Гостивар,
37. Стар – Скопје,
38. Дрим АС ИПТВ – Гостивар,
39. Фибенет – Скопје.

**Табела 9 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници**

| | ИНДИКАТОР | 2025 | 2024 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на претплатници на кабелска телевизија | 182.011 | 192.538 | -5,47% |
| 2. | Број на претплатници на IPTV | 185.642 | 168.016 | 10,49% |
| 3 | Број на претплатници на DVB-T | 38.461 | 39.030 | -1,46% |
| 4 | Број на претплатници на сателитска телевизија | 35.409 | 37.985 | -6,78% |
| 5 | Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги | 441.523 | 437.569 | 0,90% |

Во табела бр.9 е даден вкупниот број на активни претплатници на ТВ-Услуги во 2025 и 2024 година и промената во проценти (%). Од табелата може да се забележи дека бројот на активни претплатници на кабелска телевизија во 2025 година е намален за 5,47% во однос на 2024 година.

Во точка бр.2 е даден бројот на активни претплатници на IPTV кои во 2025 година забележуваат раст од 10,49% во однос на 2024 година.

Во точка бр.3 е даден бројот на претплатници на DVB-T, бројот на претплатници кои ја користат услугата DVB-T изнесува 38.461 претплатници, споредено со 2024 година бројот на претплатници е намален за 1,46%.

Во точка бр. 4 е даден бројот на претплатници на сателитска телевизија кој во 2025 година бележи пад од 6,78% во однос на претходната година. Во точка бр.5 е даден вкупниот број на претплатници на ТВ-Услуги, нивниот број во 2025 година изнесува 441.523 или споредено со претходната година бројот на претплатници е зголемен за 0,90%.




**Графикон 138-Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во 2025 година**

Во графиконот бр.18 е даден уделот во (%) на претплатници на ТВ-Услуги поделени по технологии за 2025 година. Уделот на претплатниците на IPTV изнесува 42,05%, претплатниците на кабелска телевизија имаат удел од 41,22% додека уделот на претплатници на DVB-T изнесува 8,71% и сателитска телевизија изнесува 8,02%.




**Графикон 19-Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во 2025 година**

*Во пазарниот удел на Останати оператори влегуваат пазарните удели на операторите: Инфел КТВ (0,71%), Кабел 16 (0,52%), Спајдер (0,48%), Пет Нет (0,32%), Винсат Кабел (0,30%).

## 6. Изнајмени линии

Од 48 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во 2025 година за услуги на давање на јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап, 26 субјекти обезбедуваа услуги на давање на јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии и тоа:

1. Македонски Телеком- Скопје,
2. Неотел-Скопје,
3. Балкантел-Скопје,
4. ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје,
5. Телесмарт Телеком-Скопје,
6. А1 Македонија-Скопје,
7. ЈП Македонска Радиодифузија-Скопје,
8. Актон-Скопје,
9. Софтнет ЕУ- Скопје,
10. Итв нет-Скопје,
11. Вива нет-Берово,
12. Фикаб-  Тетово,
13. Нет Кабел- Струмица,
14. Телекс- Скопје
15. Мол Комуникации- Скопје,
16. Мултимедија Нет- Скопје,
17. Булгартел- Скопје,
18. Ицт Нет – Дебар,
19. ИТВ – Скопје,
20. Три Инвест – Скопје,
21. Радио Тек – Скопје,
22. МЕПСО-Скопје,
23. Дупар – Гевгелија,
24. Спајдер – Гевгелија,
25. Ас Антена – Кичево,
26. Евротелесајтс – Скопје.

**Табела 10 Индикатори- изнајмени линии**

| ИНДИКАТОР | | 2025 | 2024 | Промена % |
|---|---|---|---|---|
| 1. | LAN (Ethernet) | 0 | 0 | 0,00% |
| 2. | Бизжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH) | 174 | 171 | 1,75% |
| 3. | Бакар, оптика (Ethernet/MPLS/ VLAN/SDH) | 452 | 463 | -2,38% |
| 4. | Аналогна изнајмена линија | 76 | 82 | -7,32% |
| 5. | Бакар, оптика-(структурирана/64 Kbps/E1/E3) | 0 | 0 | 0,00% |
| 6. | WIMAX | 0 | 0 | 0,00% |
| 7. | Друго | 0 | 0 | 0,00% |
| Вкупно | | 702 | 716 | -1,96% |

Во табела бр.10 е даден бројот на инсталирани изнајмени линии за податочно поврзување (точка-точка или точка-повеќе точки). Бројот на инсталирани изнајмени линии во 2025 година изнесува 702 и бележат пад во однос на претходната година од 1,96%.

### Табела 11 - Индикатори – Број на изнајмени линии на големопродажно ниво

| ИНДИКАТОР | | 2025 | 2024 | Промена % |
|---|---|---|---|---|
| **Терминирани сегменти на изнајмени линии** | | | | |
| 1. | 64 Kbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 2. | 2 Mbps | 2 | 2 | 0,00% |
| 3. | 34 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 4. | 155 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 5. | Над155 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| **Преносни сегменти на изнајмени линии** | | | | |
| 1. | 64 Kbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 2. | 2 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 3. | 34 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 4. | 155 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| 5. | Над155 Mbps | 0 | 0 | 0,00% |
| **Терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии*** | | | | |
| 1. | download ≤ 2 Mbps | 5 | 2 | 100,00% |
| 2. | 2 Mbps < download ≤ 10 Mbps | 14 | 8 | 75,00% |
| 3. | 10 Mbps < download ≤ 20 Mbps | 19 | 3 | 533,33% |
| 4. | 20 Mbps < download | 253 | 263 | -3,80% |

* Терминирани и преносни сегменти на изнајмени линии од алтернативни оператори

## 7. Преносливост на броеви

Со цел да се поттикне процесот на создавање на конкурентен пазар во областа на електронските комуникации од 1 Септември 2008 година се овозможи географска преносливост и преносливост на број при промена на оператор на јавна комуникациска мрежа т.е. право на претплатникот да го задржи постојниот број при промена на мрежна завршна точка во исто географско нумерациско подрачје и/или промена на операторот на јавна комуникациска мрежа. Во графиконот бр.30 е даден бројот на претплатници кои го искористиле правото за задржување на постојниот број во периодот 30.09.2011 до 30.06.2025 година. (поради прегледност на гарфиконот претставени се пренесените броеви почнувајќи од датум 30.06.2022 год. до 30.06.2025 год.).




**Графикон 20-Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) до 30.06.2025 година**




**Графикон 21- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во фиксни мрежи (состојба на ден 30.06.2025 година)**

Во графиконот бр.21 е даден уделот во однос на вкупниот број на пренесени броеви во фиксни мрежи до завршување на вториот квартал од 2025 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем процент од пренесените броеви е кон мрежата на А1 Македонија и нивниот удел изнесува 67,57%, понатаму следуваат Телекабел 10,71%, Неотел 9,50%, Македонски Телеком 8,46%, Инфел Нет Плус 2,39%, Актон 1,20%, ГИВ Иван 0,05%, Софтнет 0,05%, Алтра Сат 2000 0,04% и Кабле Калл 0,03%.




Графикон 142- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во мобилни мрежи (состојба на ден 30.06.2025 година)

Во графиконот бр.22 е даден уделот во однос на вкупниот број на пренесени броеви во мобилни мрежи до завршување на вториот квартал од 2025 година. Како што може да се забележи од графиконот

најголем процент од пренесените броеви е кон мрежата на А1 Македонија и нивниот удел изнесува 51,04%, понатаму следуваат Македонски Телеком со 32,92%, МТЕЛ 8,32%, Телекабел 4,42%, Лајкамобајл со 3,20% и Албафоне со 0,10%.

## 8. Пакети на услуги

**Табела 12 - Индикатори – Услуги врзани во пакет**

| ИНДИКАТОР | | 2025 | 2024 | Промена % |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на претплатници на услуги врзани во пакет | | 445.831 | 442.828 | 0,68% |
| 1. | Пакет- ТВ, Интернет | 25.881 | 32.820 | -21,14% |
| 2. | Пакет- ТВ, Фиксна тел. | 7.767 | 8.219 | -5,50% |
| 3. | Пакет- Интернет, Фиксна тел. | 119.313 | 114.478 | 4,22% |
| 4. | Пакет- ТВ, Интернет, Фиксна тел. | 138.806 | 143.496 | -3,27% |
| 5. | Пакет- ТВ, Интернет, Фиксна телефонија, Мобилна телефонија. | 117.289 | 104.287 | 12,47% |
| 6. | Пакет- Останати | 36.775 | 39.528 | -6,96% |

Во табелата бр.12 е даден бројот на претплатници кои користат услуги врзани во пакет за 2025 и 2024 година и промената во проценти. Како што може да се забележи, вкупниот број на претплатници кои користат услуги врзани во пакет е зголемен за 0,68% во однос на 2024 година. Исто така од табелата може да се забележи дака најголем дел од претплатниците користат три услуги врзани во пакет и тоа: Фиксна телефонија, Широкопојасен пристап на интернет и ТВ Услуги, нивниот број во однос на 2024 година е намален за 3,27%. Во точка бр.5 од табелата се вклучени претплатниците кои користат четири услуги врзани во пакет и тоа: Фиксна телефонија, Мобилна телефонија, Широкопојасен пристап на интернет и ТВ Услуги нивниот број во однос на 2024 година е зголемен за 12,47%.




**Графикон 23- Соодноc на претплатници на поединечна услуга и услуга врзана во пакет во 2025 година**

Во графиконот бр.23 е даден соодносот на претплатници кои користат поединечна услуга и истата услуга врзана во 2025 година. Од графиконот може да се забележи дека од вкупниот број на претплатници кои користат услуги во фиксна телефонија 91,44% ја користат оваа услуга врзана во пакет. Од вкупниот број на претплатници кои користат широкопојасен пристап на интернет 79,77% ја користат оваа услуга врзана во пакет, додека од вкупниот број на претплатници кои користат ТВ Услуги 65,92% ја користат оваа услуга врзана во пакет.




**Графикон 24-Удел по оператори според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во 2025 година**

Во графиконот бр.24 е даден уделот на операторите според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во 2025 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарен удел има А1 Македонија со 58,38% потоа следуваат Македонски Телеком со 22,22%, Телекабел со 16,52%, и останатите оператори со 2,87%.




**Графикон 25– Удел по оператори според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во 2025 година**

Во графиконот бр.25 е даден уделот на операторите според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во 2025 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарен удел има А1 Македонија со 57,87%, потоа следуваат Македонски Телеком со 39,78%, Телекабел со 2,17% и Останати 0,18%.

## 9. Нотифицирани оператори

Нотифицирани оператори врз основа на чии податоци е изготвен овој извештај:

АББА Нет - Струга, Актон - Скопје, Алтар Сат-Охрид, Арт нет-Струга, Балкантел - Скопје, Бив-Пирамида - Делчево, Благост - Радовиш, БТВ Нет - Битола, Булгартел- Скопје, Вива Нет - Берово, Винсат Кабел - Виница, Глобал Комуникација - Радовиш, Глобалсат - Скопје, Градска ктв-Струга, Дигинет - Струмица, Ентер - Охрид, Инел Интернационал - Кавадарци, Интерцабле- Скопје, Инфел - Охрид, ИП Системс - Куманово, ИТВ - Скопје, ИТМ Комуникација - Скопје, ЈП Македонска Радиодифузија-Скопје, Кабел кам-Росоман, Кабел Нет - Прилеп, Кабел нет-Струмица, Кабелкалл- Кичево, Канал 16 - Ресен, Когент Македонија - Скопје, Комбо 2003 - Куманово, М- Инженеринг- Штип, Македонски Железници - Скопје, Македонски Телеком – Скопје, Мепсо-Скопје, Моби Сервис - Прилеп, Мол Комуникации- Скопје, МРД - Скопје, Мултимедиа Нет - Скопје, Неонет - Куманово, Неотел - Скопје, Нет Кабел - Струмица, Нетлинк - Струмица, Нетплус- Охрид, Новонет - Ново Село, Омега нет-Демир Хисар, А1 Македонија - Скопје, Пет Нет - Гевгелија, Ри-го кабел сат-Скопје, Телекабел - Штип, Сато Нет - Брвеница, Скрембл - Струмица, Скупи Кабле - Скопје, Софтнет ЕУ - Скопје, Спајдер - Гевгелија, Спајдер компјутери-Струга, Спајдер Нет - Гевгелија,  Спајдер-Гевгелија, Стојев Дигитал - Кавадарци, Сурффри - Ранковце, ТВ Нет Комуникации - Скопје,Телекс- Скопје, Телесмарт Телеком - Скопје, Тотал ТВ – Скопје, Транс Балкан Телеком - Скопје, Траншпед Трејд - Скопје,ТРД Кабел - Валандово, Тренд А - Струмица, Тренд Ком - Штип, Ултранет Системи - Битола, Ултранет Ултра - Скопје, Фикаб - Тетово, Ца Ком Пром - Куманово, Чулакнет - Битола, ТВ Нет Комуникација – Скопје, Мах 77 – Прилеп, Сигнал Нет – Куманово, Кабтел Фибер – Демир Капиј, ИП ТВ Медиа – Куманово, Нафи и Беко – Гостивар, Антена АС-Мак Брод , Три Инвест – Скопје, Радиотек – Скопје, Стар-Скопје, Дрим АС ИПТВ – Гостивар, Трасто Нет – Струмица, Греен Телекомуникации – Прилеп, Алброутинг- Скопје, МЕПСО- Скопје, Фибер Лине – Струмица, Дупар – Гевгелија, Мтел – Скопје,Зона Нет Сервис Скопје, Повер Нет – Гостивар, Зоом Нет – Скопје, Пролинк ИЦТ – Скопје, Еуротелесајтс – Скопје, Мтелмобајл – Скопје, Фибенет – Скопје.

## Извештај за реализација на активностите утврдени во годишната програма за работа за 2025 година

АЕК ја поттикнува конкуренцијата во обезебедувањето на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги и тоа особено на следниве начини:

- гарантирање дека крајните корисници, вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет, старите лица и лицата со посебни социјални потреби, добиваат максимална корист што се однесува до изборот, цената и квалитетот,
- гарантирање дека не постои нарушување или ограничување на конкуренцијата на пазарот за електронски комуникации, вклучително и во преносот на програмски содржини,
- поттикнување на ефикасно користење и обезбедување ефективно управување со радиофреквенциите, броевите и/или серии на броеви.

Агенцијата во текот на 2025 година ги промовираше интересите на граѓаните и тоа особено на следниве начини:

- обезбедување пристап до универзалните услуги за сите граѓани,
- обезбедување на високо ниво на заштита на правата на потрошувачите во нивните односи со операторите, а особено преку обезбедување на едноставна постапка за решавање на спорови во согласност со одредбите Законот за електронските комуникации,
- придонес во обезбедувањето на високо ново на заштита на личните податоци и приватноста,
- промовирање на обврски за давање на јасни информации, особено во поглед на обврската за транспарентност на цени и услови за користење на јавни електронски комуникациски услуги,
- задоволување на потребите на посебните социјални групи, особено на лицата со инвалидитет, старите лица и лицата со посебни социјални потреби,
- обезбедување дека се одржува интегритетот и безбедноста на јавните електронски комуникациски мрежи и
- промовирање на можноста крајните корисници да остварат пристап и да дистрибуираат информации или да користат апликации и услуги по сопствен избор.

Агенцијата заради остварување на целите за развој на пазарот за електронски комуникации ги применува регулаторните начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност и тоа особено преку:

- промовирање на регулаторна предвидливост со обезбедување на доследен регулаторен пристап во соодветни периоди на проверка,
- обезбедување дека, во слични околности, нема дискриминација во третманот на операторите,
- заштита на конкуренцијата во корист на потрошувачите и промовирање, доколку е соодветно, конкуренција заснована на инфраструктура,
- промовирање на ефикасни инвестиции и иновации во нови и современи инфраструктури, меѓу другото, и со обезбедување дека обврската за пристап соодветно го зема предвид ризикот на кој се изложуваат операторите кои инвестираат, со тоа што дозволува различни кооперативни спогодби меѓу инвеститорите и заинтересираните страни кои бараат пристап со цел да се видоизмени ризикот од инвестиции, а притоа обезбедувајќи дека конкуренцијата на пазарот и начелото за недискриминација се зачувани,
- земање предвид на разновидноста на условите кои се однесуваат на конкуренцијата и потрошувачите кои постојат во различните географски области, и

- наметнување на претходни регулаторни обврски само доколку нема ефикасна и одржлива конкуренција и повлекување на истите, доколку се утврди постоење на ефикасна и одржлива конкуренција.

Согласно Годишната програма за работа во 2025 година и согласно Законот за електронски комуникации, АЕК имаше надлежности за:

- врши надзор и контрола и го следи работењето на операторите во согласност со Законот за електронски комуникации и прописите донесени врз основа на него;
- обезбедува воспоставување на интерконекција или пристап;
- одобрува референтни понуда за интерконекција или пристап на оператори со значителна пазарна моќ;
- утврдува релевантни пазари на производи и услуги и релевантни географски пазари во областа на електронските комуникации;
- определува оператори со значителна пазарна моќ, им наметнува обврски согласно со Законот за електронски комуникации и го следи нивното исполнување;
- врши регистрација на нотификација на оператори;
- донесува План за намена на радиофреквенциските опсези и План за доделување и користење на радиофреквенции;
- врши контрола и мониторинг на радиофреквенцискиот спектар, како и испитување и откривање на штетни интерференции;
- издава одобренија за користење на радиофреквенции;
- врши координација на радиофреквенциите со регулаторните тела на соседните и други држави;
- донесува План за нумерација за електронски комуникациски мрежи и услуги;
- доделува броеви и серии на броеви на оператори;
- одобрува и контролира стандарден претплатнички договор на оператор;
- раководи и управува со компензацискиот фонд за универзална услуга и врши исплата на средства од истиот;
- води постапка за решавање на спорови,
- соработува, дава мислења, предлози и разменува податоци со органи на државната управа, надлежни тела и институции;
- обезбедува информации за корисниците, операторите и меѓународните организации и тела;
- донесува подзаконски акти потребни за спроведување на Законот за електронски комуникации;
- дава согласност на основниот проект за градба на јавна електронска комуникациска мрежа и придружни средства;
- дава мислења при постапката на изготвување и донесување на документи за просторно уредување;
- учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на електронските комуникации;
- обезбедува единствена точка за информации;
- ги контролира и мери параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги;
- го контролира и мери нејонизирачкото зрачење предизвикано со употреба на јавните електронски комуникациски мрежи;
- ........................

## Нотификации

Согласно член 60 од Законот за електронски комуникации операторот пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги доставува нотификација до Агенцијата за електронски комуникации.

На следната табела се дадени податоци за активностите во врска со процесот на нотифицирање на правни субјекти во 2025 година.

| | **Активност** | **2025** | **2024** |
|---|---|---|---|
| **1 .** | Обработка на новопристигнати нотификации, согласно член 60 од Законот за електронските комуникации | Потврди за нотифицирани субјекти (Оператори): **34** | Потврди за нотифицирани субјекти (Оператори): **25** |
| **2.** | Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, и бришење на опеараторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена; | Избришани оператори: **3**<br><br>Решенија за бришење на мрежи/услуги: **7**<br><br>Решенија за започнување на мрежи/услуги: **20** | Избришани оператори: **3**<br><br>Решенија за бришење на мрежи/услуги: **8**<br><br>Решенија за започнување на мрежи/услуги: **18** |
| **3.** | Водење на регистар на нотифицирани субјекти и негово објавување на WEB | Заклучно со 31.12.2025 година во службената евиденција на Агенцијата се запишани нотификациите на **106** оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги. | Заклучно со 31.12.2024 година во службената евиденција на Агенцијата се запишани нотификациите на **107** оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги. |
| **4.** | Спроведување на надзор | | **Q2:** Согласно член 35 став 2 од ЗЕК, Секторот за телекомуникации врши редовен надзор над оператори и други правни и физички лица кои вршат активности на обезбедување на електронски комуникации, во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на него, обврските наметнати од нејзина страна како што се потврдата за извршена регистација. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | На ден 30.05.2024г испратено е циркуларно писмо 1405 – 1717/1 до сите постоечки субјекти да ги ажурираат своите податоци заклучно со 30.06.2024г. |
| **5.** | Спроведување на надзор на операторите во насока на проверка на Референтните понуди за интерконекција од аспект на нивната усогласеност со последната понуда која е објавена на нивната официјална веб страна | Во периодот беа во форма на консултации | Во периодот беа во форма на online консултации |
| **6.** | Меѓусекторска соработка со Секторот за анализа на пазарите во делот на одобрување на референтните понуди на операторите со значителна пазарна моќ, како и доставување на податоци за сегашната состојба на Регистарот на нотифицирани субјекти | | |

## Нумерација

| | **Активност** | **2025** |
|---|---|---|
| **1** | **Издавање на решенија за Броеви од серијата 05:** | Вкупен број на решенија: /<br><br>Вкупен број на броеви: / |
| **2** | **Издавање на решенија за Броеви од серијата 08:** | Вкупен број на решенија: 7<br><br>Вкупен број на броеви:9 |
| **3** | **Издавање на решенија за Скратени броеви во географски нумерациски подрачја:** | Вкупен број на решенија: 8<br><br>Вкупен број на броеви: 8 |
| **4** | **Изменување на решение за користење на броеви и доделени серии на броеви:** | Вкупен број на решенија: 3<br><br>5Вкупен број на броеви: 241000 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | **Издавање на решенија за Серии претплатнички броеви (Мобилна):** | В6купен број на решенија: 6<br>Вк7упен број на броеви:29000 |
| 6 | **Издавање на решенија за Серии претплатнички броеви (Фиксна):** | Вку8пен број на решенија: /<br>Вкуп9ен број на броеви:/ |
| **7** | **Издавање на решенија за Доделување на скратен број на оператор за услуга за грижа за корисници:** | Вкупен број на решенија: 1<br>Вкупен број на броеви: 2 |
| **8** | **Издавање на решенија за Одземање на скратен број на оператор за услуга за грижа за корисници:** | Вкупен број на решенија: 3<br>Вкупен број на броеви: 7 |
| **9** | **Издавање на решенија за Одземање на правото за користење на скратен број:** | Вкупен број на решенија: 4<br>Вкупен број на броеви: 42 |
| 10 | **Издавање на решенија за Одземање на правото за користење на број од серијата 05 и 08:** | Вкупен број на решенија: 9<br>Вкупен број на броеви: 68 |
| **11** | **Издавање на решенија за Одземање на серии претплатнички броеви:** | Вкупен број на решенија: 2<br>Вкупен број на броеви: 22000 |
| 12 | **Издавање на решенија за Промена на носител на право за користење на број од серијата 08 и 05:** | Вкупен број на решенија: 3<br>Вкупен број на броеви: 3 |
| 13 | **Издавање на решенија за Одземање на серија броеви за услуги со посебна цена на чинење со почетни две цифри 14:** | Вкупен број на решенија: /<br>Вкупен број на броеви: / |
| 14 | **Доделување на серија броеви за услуги со посебна цена на чинење со почетни две цифри 14:** | Вкупен број на решенија: /<br>Вкупен број на броеви: / |

| | | |
|---|---|---|
| | **Доделување на Национален и Меѓународен код за сигнализација:** | Вкупен број на решенија: /<br><br>Вкупен број на броеви/ кодови: / |
| 16 | **Доделување на Код за мобилна мрежа на Оператор MNC:** | Вкупен број на решенија: 1<br><br>Вкупен број на броеви/ кодови:4 |
| 17 | **Известување по барање за доделување на броеви и серии на броеви:** | Вкупен број на решенија: 11<br><br>Вкупен број на броеви: 11 |
| 18 | **Изготвување на одговор за барање за податоци за ТК инсталации:** | Вкупен број на одговори за барање: 264 |
| 19 | **Изготвување мислење за утврдување на правен статус на бесправно изградена ЕКМС:** | Вкупен број на мислења : 6 |
| 20 | **Изготвување на известувања до оператори:** | Вкупен број на одговори за барање: 4 |

## Управување со радиофреквенции

| Сектор за радиокомуникации |
|---|
| Според одредбите од Законот за електронски комуникации, Секторот за радиокомуникации како надлежност и обврска, регулира и управува со радиофреквенцискиот спектар и тоа:<br><br>1. донесува и спроведува План за намена на радиофреквенциски опсези и План за доделување и користење на радиофреквенции;<br>2. го следи користењето на спектарот на радиофреквенции согласно со плановите од претходната точка;<br>3. издава одобренија за користење на радиофреквенции; |

4. подготвува и спроведува јавни тендери за доделување и користење на радиофреквенции;
5. донесува технички прописи врз основа на законот;
6. спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на електронските комуникации;
7. обезбедува услови за користење на дигиталните радио и телевизиски услуги од страна на крајните корисници;
8. го следи работењето и развојот на радиокомуникациските системи;
9. применува техники на ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар со примена на најновите технички и регулаторни одлуки и препораки како и други надлежности поврзани со законот.

Врз основа на Законот за електронски комуникации и правилниците донесени врз основа на истиот, Секторот за радиокомуникации ги извршува своите задолженија и обврски со:

1. Издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за сите видови на радиослужби по извршена детална анализа и пресметка,
2. Пресметка на број на бодови за годишен надоместок за користење на радиофреквенции, според кои се генерира фактура,
3. Издавање на согласности за увоз на РТТЕ опрема,
4. Издавање на согласности на проекти за изградба на радиостаници,
5. Анализи и насоки за услови за користење на радиофреквенции и радиофреквенциски опсези за нови радиокомуникациски системи и мрежи,
6. Меѓународна координација на радиофреквенциски доделби,
7. Пријава на доделби во меѓународниот регистар на користени фреквенции,
8. Ажурирање на податоци во EFIS системот на CEPT,
9. Дописи, мислења, ургенции, анализи, заедничка работа со други сектори и служби, комуникација со корисници, одговори на прашања од корисници и друго.

Во периодот 01.01.2025 – 31.12.2025 година Секторот за радиокомуникации ги исполни следните редовни активности:

| | **Активност** | **Број** |
|---|---|---|
| 1 | Одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба | **72** |
| 2 | Одобренија во копнена мобилна служба | **20** |
| 3 | Продолжување на важност и нови одобренија за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба | **46 DVB-T** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **27 FM**<br>**19 FX** |
| 4 | Одобренија за користење на радиофреквенции во сателитска служба | **/** |
| 5 | Одобренија за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба | **62** |
| 6 | Одобренија за користење на радиофреквенции во воздухопловна | **9** |
| 7 | Други служби (мобилна внатрешни води) | **1** |
| 8 | Одобренија за експериментална работа (привремени) | **6** |
| 9 | Решение за отповикување и престанок на важност на одобрение | **136+45** |
| 10 | Решение за продолжување на одобрение | **88** |
| 11 | Решение за измена на одобрение | **42** |
| 12 | Решение за пренос | **2** |
| 13 | Радиоаматерски испит | **5** |
| 14 | Записник за радиоаматерски испит | **63** |
| 15 | Дипломи за радиоаматери | **48** |
| 16 | HAREC/Novice сертификати | **3** |
| 17 | Допис за координација и нотификација (MIFR, GE84, GE06) | **200** |
| 18 | Согласност за R&TTE опрема | **116** |
| 19 | Начелна согласност за планирање на РФ и технички услови | **/** |
| 20 | Согласности за изградба на базни станици според основен проект | **26** |

| | | |
|---|---|---|
| | (со Сектор за телекомуникации) | |
| 21 | Стручен надзор, записник и извештај | **/** |
| 22 | Состаноци со корисници | **15** |
| 23 | Интерен допис | **2** |
| 24 | Ургенции и Одговори по е-маил | **270** |
| 25 | Прашалници | **5** |
| 26 | Известувања, Информации | **200** |
| 27 | Комуникација за услуги во сателитска служба | **11** |

Во периодот 01.01.2025 – 31.12.2025 година Секторот за радиокомуникации ги реализираше следните проекти:

| | Проект | Активности |
|---|---|---|
| **1** | **Обезбедување на ефикасна и држлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации (Активности за трет мобилен мрежен оператор)** | Секторот за радиокомуникации во изминатите години (од 2015 година па до сега) по намалувањето на бројот на мобилни мрежни оператори од три на два, заради обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција, спроведуваше активности и политики за да обезбеди слободни фреквенциски опсези коишто би се доделиле на нов мобилен мрежен оператор.<br><br>По потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу 4иГ и Владата на Македонија во август 2024 година, Секторот за радиокомуникации соработуваше со консултантската куќа Analysys Mason и Адвокатската канцеларија Михајлоски & Поповска. На состаноците и преку е-меил комуникација беа презентирани слободните фреквенциски опсези коишто може да се доделат на нов мобилен мрежен оператор, објаснети се законските процедури за издавање на одобренија за користење на радиофреквенции, условите под коишто истите може да се доделат, надоместоците што се плаќаат и др.<br><br>Основано е Друштво за телекомуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, член на 4иГ Групата и на 17.12.2024 година до АЕК е доставено писмо за изразување интерес за доделување на радиофреквенции. Во писмото меѓудругото се бара состанок во втората половина на јануари со цел 4иГ да добие јасна слика за достапноста на потребните радиофреквенции, да се |

дискутира за следните процедурални чекори и да се разгледаат комерцијалните услови. На барање од 4иГ состанокот е одложен за 16.04.2025 година, кога е одржан состанок помеѓу претставници на 4иГ и АЕК, при што се објаснети законските процедури за добивање на одобренија за користење на радиофреквенции, слободните радиофреквенциски опсези и надоместоците што се плаќаат. По состанокот, претставниците на 4иГ поднесоа допис за заинтересираност за користење на радиофреквенции во архивата на АЕК. Уште истиот ден АЕК објави Намера за спроведување на постапка на јавен тендер со јавно наддавање. Времетраењето на јавната расправа по објавената Намера беше заклучно со 16.05.2025 година. По завршувањето на јавната расправа до АЕК пристигнаа Писма за искажување на интерес од три заинтересирани страни и тоа: ОНЕ Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје, Битстрим Мобиле ДООЕЛ Скопје и од е& ппф Телеком Груп Б. В. Бидејќи применоит број на писма за искажување на интерес беше поголем од објавениот број на одобренија за користење на радиофреквенции што ќе се издаваат, во согласност со член 134 став (6) алинеја 1, АЕК ќе објави јавен тендер или јавен тендер со јавно наддавање.

На 02.06.2025 година е доставено Барање за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок до Владата. Агенцијата предлага најниската висина на еднократниот надоместок да биде вредноста објавена во Намерата за спроведување на тендер, односно најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции да изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| **700 MHz** | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | Еднократен надоместок |
| А1 | 703-713/758-768 MHz | 4.2 милиони евра |
| **1800 MHz** | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | Еднократен надоместок |
| В1 | 1775-1785/1870-1880 MHz | 1.5 милиони евра |
| **3.x GHz** | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | Еднократен надоместок |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>

| | | |
|---|---|---|
| C1 | 3.5-3.6 GHz | 2.32 милиони евра |

На 08.07.2025 година Владата даде согласност за. најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции предложен од АЕК. По добивањето на согласноста до Владата, во соработка со правен сектор, подготвена и објавена е Одлука за спроведување на јавен тендер со јавно надддавање за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz. Формирана е Комисија за подготовка на тендерска документација и спроведување на постапката на јавниот тендер составена од претставници на Секторот за радиокомуникации и Секторот за правни работи. Подготвена е тендерска документација и истата е подигната од страна на 3 заинтересирани страни. Рокот за доставување на понуди беше 21.08.2025 година, а јавното отворање на понудите на 22.08.2025 година. Во рокот предвиден за доставување на понуди, доставена е само една понуда, подготвен е записник од јавното отворање и извештај во којшто се констатира дека понудата ги исполнува тендерските услови.

Меѓутоа, поради распишување на локалните избори и недобивање на мислење од Државната комисија за спречување на корупција за продолжување на постапката, донесувањето на одлуката за избор на најповолен понудувач е одложено да биде по завршувањето на изборите. Единствениот понудувач побара продолжување на роковите поради изборниот процес, при што е донесена одлука за продолжување на роковите предвидени во тендерската документација. Крајниот рок за донесување на одлука за избор на најповолен понудувач е 12.01.2026 година.
</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Имплементација на нови технологии Т-ДАБ</td><td>
Неколку години наназад Секторот за радиокомуникации доставуваше иницијативи до Министерството за информатичко општество и администрација за подготовка на стратегија за воведување на Т-ДАБ технологијата во Македонија. По одржани безброј состаноци, сеуште нема никаков напредок. Во декември 2024 во АЕК е пристигнато барање од Радио Буба Мара за заинтересираност за имплементација на Т-ДАБ. Поради тоа, во јануари 2025 АЕК одржа состанок со АААВМУ и е доставен заеднички допис/иницијатива до Министерството за дигитална трансформација заради воведување на Т-ДАБ технологијата. Извршена е координација на АЕК со АААВМУ, МДТ, ЈП НРД и констатирана е потреба за измена на законска регулатива. Во новиот Закон за електронски комуникации (со примена од 1 јуни 2026 година), се предвидува можност за доделување на нов мултиплекс на ЈП НРД.

Поднесена е иницијатива до Министерство за дигитална трансформација за изработка на стратегија или започнување на тендерска постапка за воведување на Т-DAB. АЕК ќе учествува во изработката на стратегијата за дигитално радио во координација со сите релевантни институции. Разгледана е и можноста за започнување на тендерска постапка за доделување на дополнителен мултиплекс за дигитално радио.
</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **3** | **Регулатива** | **Учество во работна група - изработка на нов Закон за електронски комуникации**<br><br>Секторот учествуваше во изработка на одговори на коментарите на ЕК во однос на делот за управување со радиофреквенцискиот спектар од новиот ЗЕК. Исто така доставен е и предлог до МДТ за подобрување на текстот на новиот ЗЕК, со цел да се корегираат недостатоци од оперативна природа.<br><br>**Усвојување на Правилник за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции**<br><br>Секторот подготви Предлог измена на Правилник за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции. Предлогот за измена на Правилникот беше ставен на јавна расправа во период од 30.12.2024-31.01.2025 година. За време на јавната расправа не се пристигнати коментари од заинтересирани страни. Правилникот е објавен во Службен Весник број 62 од 21.03.2025 година.<br><br>**Усвојување на План за намена на радиофреквенциски опсези во Република Северна Македонија**<br><br>Секторот подготви нов План за намена на радиофреквенциски опсези во Република Северна Македонија. Истиот е објавен на јавна расправа во периодот од 07.02-07.03.2025 година и по завршената јавна расправа, на 15.04.2025 година побарана е согласност од Владата. На 24.07.2025 година добиена е согласност од Владата за новиот План за намена на радиофреквенциски опсези во Република Северна Македонија. Планот е објавен во Службен Весник на Република Македонија број 177 од 25.08.2025 година<br><br>Со Планот за намена е извршено усогласување со одредбите од Меѓународниот Правилник за радиокомуникации на Меѓународната унија за телекомуникации ITU како и со заедничката Европска табела за намена ERC\Report 25 на CEPT – Европска Конференција за Пошти и Телекомуникации. Со пренаменувањето на опсегот 2.5-2.69 GHz и 40.5-43.5 GHz за мобилна служба (MFCN), односно за обезбедување јавни електронски комуникациски услуги, се овозможува операторите да добијат на располагање дополнителни фреквенциски опсези за задоволување на потребите на корисниците од поголеми брзини. |
| **4** | **Репланирање на фреквенцискиот опсег (VHF, 174-230 MHz и FM, 87.5-108 MHz)** | **Процес на репланирање на фреквенцискиот опсег наменет за DVB-T**<br><br>Меѓународна координација на предлогот за измена на Планот Geneva 06 (поединечно, за зоните на распределба и за предавателните локации).<br><br>**Процес на репланирање на фреквенцискиот опсег наменет за T-DAB-нова итерација,**<br><br>Меѓународна координација на предлогот за измена на Планот Geneva 06 |

| | | |
|---|---|---|
| | | (поединечно, за зоните на распределба и за предавателните локации),<br><br>**Репланирање на фреквенцискиот опсег (FM, 87.5-108 MHz)**<br><br>Активности околу координацијата на радиофреквенции (277 барања) со соседните администрации и Меѓународна Унија за телекомуникации согласно Планот GE84.<br><br>**Дополнителни активности:**<br><br>- Состаноци на работна група во рамки на АЕК,<br>- Билатерални состаноци со Администрациите на Грција и Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска и одговор на дополнителни барања на Администрациите на Бугарија и Албанија,<br>- Активности со Radio Spectrum Policy Group (RSPG), Good Offices, во рамки на Европската Комисија која посредува при постигнување на регионални договори, разрешување на политички импликации во процес на координација на радиофреквенции. |
| **5** | **Подготовка за Светска конференција за радиокомуникации WRC-27** | Присуство на трет CPG состанок<br><br>Подготовка, и презентација на CPG-27 на 5 (пет) контрибуции за работната група WP 4A on WRC-27 Agenda Item 7, Agenda Item 1.6 за промена на регулативата во сателитска служба:<br><br>1. COHERENT APPROACH IN CONSIDERATION OF RR APPENDICES 30, 30A AND 30B FUNDAMETAL AND PARTICULAR ISSUES AND LONG-TERM PROTECTION OF BSS AND FSS PLANNED FREQUENCY BANDS<br>2. ELEMENTS OF WORKING DOCUMENT TOWARDS draft CPM text for TOPIC proposed UNDER WRC-27 agenda item 7: TRANSPARENCY MEASURES AND IMPROVEMENTS TO THE APPLICATION OF RR NO. 4.4 TO SPACE/SATELLITE SERVICES<br>3. IMPROVEMENTS OF COORDINATION AND NOTIFICATION PROCEDUREs involving FREQUENCY ASSIGNMENTS IN SPACE SERVICES IN the CONTEXT OF APPLICATION OF RR NO. 11.41<br>4. UNREALISTIC GAIN CONTOURS OF SUBMISSIONS UNDER RR APPENDICES 30, 30A AND 30B<br>5. PROPOSAL ON ELEMENTS OF WORKING DOCUMENT TOWARDS DRAFT CPM TEXT ON WRC-27 AGENDA ITEM 1.6 |
| **6** | **Други меѓународни активности** | **Билатерални состаноци со Администрацијата на Грција (**Петти состанок, февруари 2025-Скопје, Шести состанок, мај 2025-Скопје, седми состанок, јули 2025- |

| | | |
|---|---|---|
| | | Скопје)<br><br>Теми на состанокот:<br><br>▪ VHF Band III (DVB-T и T-DAB): Македонија и Грција ги презентираа предлог каналите за новата итерација во секоја зона на распределба наменети за DVB-T и T-DAB.<br>▪ FM band: Дополнителна анализа на одбиените барања од страна на двете администрации (нова матрица за компатибилност).<br>▪<br><br>**Билатерални состаноци со Администрацијата на Бугарија** (Втор состанок, март 2025- он лине состанок, трет состанок, јули 2025)<br><br>Теми на состанокот:<br><br>▪ VHF Band III (DVB-T и T-DAB): Македонија ги презентираше предлог каналите (последна итерација) во секоја зона на распределба наменети за DVB-T и T-DAB.<br>▪ FM band: Македонија поднесе барања за координација и заштита на фреквенциски доделби во опсегот наменет за звучна радиодифузија кои беа генерално одбиени од страна на Бугарија. По утврдената методологија на работа се анализираше секоја поединечна доделба. Голем дел од одбиените барања се детално анализирани и прифатени од двете страни.<br><br>**Билатерален состанок со Администрацијата на Србија** (прв состанок, мај 2025)<br><br>Теми на состанокот:<br><br>▪ VHF Band III (DVB-T и T-DAB): Македонија ги презентираше предлог каналите (последна итерација) во секоја зона на распределба наменети за DVB-T и T-DAB.<br>▪ FM band: Македонија поднесе барања за координација и заштита на фреквенциски доделби во опсегот наменет за звучна радиодифузија за кои во голем дел се добиени потврдни одговори. Во текот на септември се очекува продолжување на активностите. |

***Меѓународни состаноци:***

- Претставник од секторот учествуваше на CPG-3 состанок, 10-13.06.2025, Гронинген, Холандија
- Претставник од секторот учествуваше на TAIEX Workshop on implementation of GIA, 19-20.06.2025, Брисел, Белгија
- Претставници од секторот учествуваа на 110 CEPT WG FM состанок што се одржа во Софиа Антиполис во периодот од 2 до 6 јуни 2025
- Претставник од секторот учествуваше на Ден на нови технологии на 15.04.2025 во Загреб
- Претставници од секторот учествуваа на TAIEX Workshop on the transposition of the EU 5G Security Toolbox and Radio Spectrum Policy, 8-9.04.2025, Брисел, Белгија

- CEPT 66 ECC, 04-07.03.2025, Малага, Шпанија
- Претставници од секторот учествуваа на 109 CEPT WG FM состанок што се одржа во Порто, во периодот од 10 до 14 февруари 2025
- Претставник од секторот учествуваше на 68th ECC Plenary meeting од 04 до 07 ноември 2025 во Атина, Грција
- Претставници од секторот учествуваа на 111 WGFM состанок од 13 до 17 октомври 2025 во Будимпешта, Унгарија
- Претставник од секторот учествуваше на WTDC25 од 17 до 28 ноември 2025 во Баку, Азербејџан

***Виртуелни меѓународни состаноци:***

- Com ITU, virtual presence, preparation for PP-26
- WNE WG, January 27, (Brussels - Hybrid meeting)
- RSPG 66th Plenary Meeting on 12.02.2025
- Good Offices RSPG Subgroup Meeting, 26.03.2025
- RSPG Peer Review Workshop, 2-3.04.2025
- Good Offices RSPG Subgroup Meeting, 12.05.2025
- RSPG - EC High Level Workshop on strategic spectrum issues, 16.06.2025
- RSPG 67th Plenary Meeting on 17.06.2025
- Workshop "Navigating the future of Spectrum Management – from Research to Regulation".
- Good Offices RSPG Subgroup Meeting, 18.09.2025
- Регионален состанок помеѓу администрациите со кои Македонија заеднички поднесува контрибуција за Светска конференција за радиокомуникации WRC-27
- 68th Radio Spectrum Policy Group Meeting, 12 ноември 2025
- Joint EC - CEPT Stakeholders Workshop on WRC-27, 13 ноември 2025
- RSPG Peer Review Workshop, 14 ноември 2025

Во годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година Секторот за радиокомуникации требаше да ги изврши следните конкретни задачи и активности:

| **Бр.** | **Работна задача** | **Временска рамка** | **Активности предвидени со оваа работна задача** | **Статус/KPI** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Следење на имплементација на 5G во согласност со условите во одобренијата за користење на радиофреквенции | Q1 | Следење на исполнување на условите за покриеност наведени во одобренијата | Реализирано/ 100% |
| **2.** | Измена на План за доделување и користење на радиофреквенции | Q1,<br>Q2, | Подготовка на Предлог верзија на Планот, јавна расправа и усвојување на конечна верзија на Планот | 0% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Q3,<br>Q4 | | |
| **3.** | Интензивно следење на состојбата за развојот на дигитална звучна радиодифузија Т-ДАБ | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | Следење и проучување на развојот на звучна радиодифузија, подготовки за репланирање на меѓународниот План GE84 во рамките на CEPT и ITU. Активна комуникација со регулаторните тела од регионот. Навремено започнување со подготовка на соодветна регулатива во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. | Реализирано/ 100% |
| **4.** | Спроведување на постапка за објава на намера за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции<br>и спроведување на тендери | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | Објава на намера за доделување на радиофреквенции, барање согласност до Влада на РМ за висина на еднократен надоместок, изработка на тендерска документација и спроведување на тендерската постапка, издавање на одобрение/ја | 100% |
| **5.** | Издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за сите видови на радиослужби по извршена детална анализа и пресметка.<br>Пресметка и генерирање на бројот на бодовите за годишен надоместок за користење на радиофреквенци за изработка на фактури | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | Анализа на барање, планирање и доделување на радиофреквенции | Реализирано/ 100% |
| **6.** | Анализа на нови Одлуки и Препораки од ITU, CEPT, RSPG | Q1,<br>Q2,<br>Q3, | Учество во работни групи и следење на ново издадени одлуки и препораки. Предлог за евентуална измена на План за намена или План за доделување и користење на радиофреквенции. | Реализирано/ 100% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Q4 | | |
| **7.** | Меѓународна координација на радиофреквенциски доделби и нотификација | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | За пријавување и нотификација се изготвуваат соодветни барања според видот на радиослужбата. Одредени радиофреквенции се координираат преку ИТУ. Во одредени случаи координацијата е со билатерални или мултилетерални спогодби. | 100% |
| **8.** | Издавање на согласности за радио опрема | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | Проверка на целокупната документација за опремата и издавање на согласност | Реализирано/ 100% |
| **9.** | Дописи, мислења, ургенции, анализи, заедничка работа со други сектори и служби, комуникација со корисници, одговори на прашања од корисници и друго. | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | Анализа, мислење, процедура, печатен или одговор по електронски пат | Реализирано/ 100% |
| **10.** | Планирање и оптимизација на радиокомуникациските мрежи | Q1,<br>Q2,<br>Q3,<br>Q4 | Анализа на веќе издадените одобренија за користење на радиофреквенции, анализа на мрежи по одредени опсези, планирање на доделби за нови мрежи | Реализирано/ 100% |

## Анализа на релевантни пазари

| Ред бр. | Опис на активности | за периодот Q1/2025 | за периодот Q2/2025 | за периодот Q3/2025 | за периодот Q4/2025 |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Прибирање и обработка на податоци преку прашалници за регулативата за регионален роаминг“roam like at home” со Western Balkans - 6** | Прибирање и обработка на кварталните Извештаи за роаминг помеѓу земјите од WB6 кој што мобилните оператори ги доставуваат за Q4 2024. | Прибирање и обработка на кварталните Извештаи за роаминг помеѓу земјите од WB6 кој што мобилните оператори ги доставуваат за Q1 2025. | Прибирање и обработка на кварталните Извештаи за роаминг помеѓу земјите од WB6 кој што мобилните оператори ги доставуваат за Q2 2025. | Прибирање и обработка на кварталните Извештаи за роаминг помеѓу земјите од WB6 кој што мобилните оператори ги доставуваат за Q3 2025. |
| 2. | **Учество во изработка на Извештај за практичната имплементација на услугите на регулираниот роаминг во земјите ов WB6 – Draft WB Roaming Report Q4 2024** | Изготвување на збирен извештај за нашата земја за Q4/2024 со цел доставување на истиот до BEREC за изработка на збирен извештај за Q4/2024 за сите земји од WB6 | Изготвување на збирен извештај за нашата земја за Q1/2025 со цел доставување на истиот до BEREC за изработка на збирен извештај за Q1/2025 за сите земји од WB6 | Изготвување на збирен извештај за нашата земја за Q2/2025 со цел доставување на истиот до BEREC за изработка на збирен извештај за Q2/2022 за сите земји од WB6 | Изготвување на збирен извештај за нашата земја за Q4/2024 – Q3/2025 со цел доставување на истиот до BEREC за изработка на збирен извештај за Q4/2024-Q3/2025 за сите земји од WB6 |
| 3. | **Обработка на податоците од доставените прашалници за регионален роаминг со цел изготвување на Извештај од страна на РЦЦ** | Ревидирање и корекција на податоците за нашата земја во Драфт извештајот изготвен од страна на РЦЦ за период 2022 и 2023 кој што по одобрувањето на податоците од сите земји од WB6 ќе биде објавен на страната на РЦЦ | Обрабока на податоците од прашалниците за регионален роаминг за Q1 2025 со цел доставување до РЦЦ и изготвување на збирен Извештај за целиот регион на Западен Балкан за 2025 та година | Обрабока на податоците од прашалниците за регионален роаминг за Q2 2025 со цел доставување до РЦЦ и изготвување на збирен Извештај за целиот регион на Западен Балкан за 2025 та година | Обрабока на податоците од прашалницит е за регионален роаминг за Q3 2025 со цел доставување до РЦЦ и изготвување на збирен Извештај за целиот регион на Западен Балкан за 2025 та година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Изработка на анализа за пристап и започнување на услуги во јавни мобилни комуникациски мрежи** | Во тек на изработка | Во тек на изработка | Доставен е документ до Комисијата за заштита на конкуренција за добивање на мислење и нацрт документот за анализата е објавен за јавна расправа на веб страната на АЕК. | Финалниот документ за анализата е објавен на веб страната на АЕК. |
| **5.** | **Изготвување на Драфт прашалник за повици помеѓу земјите од Западен Балкан** | / | Ревидирање на прашалникот за повици помеѓу земјите од Западен Балкан, изготвен од страна на РЦЦ, со цел негово финализирање пред испраќање до операторите во нашата земја. | Ревидирање на прашалникот за повици помеѓу земјите од Западен Балкан, изготвен од страна на РЦЦ, со цел негово финализирање пред испраќање до операторите во нашата земја. | Ревидирање на прашалникот за повици помеѓу земјите од Западен Балкан, изготвен од страна на РЦЦ, со цел негово финализирање пред испраќање до операторите во нашата земја. |
| **6.** | **Транспонирање на европските регулативи за RLAN во нашето законодавство** | / | / | Изработка на детална GAP анализа за потребите на транспонирање на европските директиви за RLAN во нашето законодавство. | Драфтување на потребните европски Директиви и регулативи за овозможување на RLAH во Европската Унија |

## Регулација на цени и регулаторни обврски

Во текот на 2025 година Одделението за регулаторни обврски ги имаше следните активности:

| ред. бр. | активност | за периодот Q1/2025 | за периодот Q2/2025 | за периодот Q3/2025 | за периодот Q4/2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Референтна понуда за битстрим пристап на Македонски Телеком АД Скопје 1304-37** | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог измената на референтна понуда на битстрим пристап на Македонски телеком АД - Скопје | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог измената на референтна понуда на битстрим пристап на Македонски телеком АД - Скопје | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог измената на референтна понуда на битстрим пристап на Македонски телеком АД - Скопје | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог измената на референтна понуда на битстрим пристап на Македонски телеком АД - Скопје |
| 2. | **Референтна понуда за интерконекција – ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип** | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог референтна понуда за интерконекција 1304-153 | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог референтна понуда за интерконекција 1304-153 | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог референтна понуда за интерконекција 1304-153 | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог референтна понуда за интерконекција 1304-153 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Податоци и информации за ново портфолио на пакети за економска репликабилност** | Анализа на добиените податоци од претходниот квартал | Анализа на добиените податоци од претходниот квартал | Анализа на добиените податоци од претходниот квартал | Анализа на добиените податоци од претходниот квартал |
| **4.** | **Посебно сметководство – Р3 Инфомедиа ДООЕЛ и А1 Македонија** | 1.Барање за комисија за посебно сметководство<br><br>2.Делегирани претставници од АЕК<br><br>3. Записник за избор на независен ревизор (Инфомедиа ДООЕЛ)<br><br>4.Записик од состанок на Комисија за избор на независен ревизор (А1 Македонија) | Завршни состаноци за избор на независен ревизор и записници од завршни состаноци за избор на независен ревизор | / | / |
| **5.** | **А1 Македонија – Референтна понуда за големопродажен централен пристап обезбеден на фиксна локација на јавна електронска комуникациска мрежа 1307-96** | 1.Предлог за измена на Референтна понуда за ГЦП 1307- 96 од 21.03.2023 год<br><br>2.Решение 1307-96 од 2023 год | / | / | / |
| **6.** | **Прашалници** | Одговор на прашалник за состојбата на големопродажните услуги на македонскиот пазар за | / | Изготвен анкетен прашалник за мерење на задоволство на корисници на услуги од соработката со | Собирање и обработка на добиените податоци од доставените прашалници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | електронски комуникации, информација за регулираните услуги за кои АЕК одобрува референтни понуди објавени на веб-страниците на операторот и за комерцијални понуди за кои операторите независно преговараат без вклучување на регулаторот | | АЕК/Сектор за регулатива и испратен до сите регистрирани даватели на телекомуникациски услуги | |
| 7. | **Референтна понуда за пристап на А1 Македонија** | / | / | Одобрување на предлог измена на референтна понуда за пристап на А1 Македонија | Следење на имплементацијата по претходно одобрување на предлог измена на референтна понуда за пристап на А1 Македонија |
| 8. | **Универзална услуга – ИНФОМЕДИА ДООЕЛ Скопје** | / | / | / | Изготвено е решение на ИНФОМЕДИА ДООЕЛ Скопје за утврдување на нето трошок за обезбедување на универзална услуга и за обезбедувањ ена целосен телефонски именик и целосна телефонска служба за информации |

Во текот на 2025 година Одделението за прибирање и обработка на податоци ги имаше следните активности:

| **ред. бр.** | **активност** | **за периодот** | **за периодот** | **за периодот Q3/2025** | **за периодот** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | Q1/2025 | Q2/2025 | | Q4/2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Извештај за обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација и меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | 12 | 12 | 12 | 12 |
| **2.** | Извештај за обезбедување на јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа и меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | 6 | 6 | 6 | 6 |
| **3.** | Извештај за обезбедување на услуги за пристап на Интернет и давање на јавна електронска комуникациска мрежа под наем | 71 | 72 | 74 | 74 |
| **4.** | Извештај за обезбедување на јавна електронска комуникациска услуга - давање на јавна електронска комуникациска мрежа под наем - изнајмени линии | 24 | 24 | 26 | 26 |
| **5.** | Извештај за обезбедување на услуги за пренос и реемитување на радио и телевизиски сервиси | 39 | 39 | 38 | 38 |
| **6.** | Извештај за обезбедување на услуги врзани во пакет | 9 | 9 | 9 | 9 |

## Подзаконски акти, решенија и одлуки

### ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година ги донесе следните Подзаконски акти согласно Законот за електронски комуникации:

Правилникот за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции објавен во Службен весник на Република Северна Македонија број 62/2025.

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на спроведување на полагањето полагањето на стручен испит објавен во Службен весник на Република Северна Македонија број 55/2025.

### ОДЛУКИ

Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година ги донесе следните Одлуки согласно Законот за електронски комуникации:

Согласно член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 30 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019 и 222/2024) Директорот на

Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука врз основа на која операторите плаќаат годишен надоместок за надзор на пазарот објавена, во Службен весник на Република Северна Македонија број 4/2026.

Согласно член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 31 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019 222/2024 и 59/2025) Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука врз основа на која имателите на одобренија за користење на радиофреквенции плаќааат годишен надоместок за користење на радиофреквенции, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 4/2026.

Согласно член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 32 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019, 222/2024 и 59/2025) Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука врз основа на која операторите на кои Агенцијата им има доделено броеви и серии на броеви плаќаат годишен надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 4/2026.

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ВИСИНА НА ЕДНОКРАТНИОТ НАДОМЕСТОК И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ПЛАЌАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHz, 1800 MHz И 3.x GHz, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 143/2025.

**ЗАКОНИ**

Во текот на 2025 година Агенцијата за електронски комуникации, учествуваше во подготовка на Предлог-Закони кои произлегуваат од нејзината надлежност и тоа:

1. Закон за електронски комуникации.

   Целта за донесување на нов закон е потребата од усогласување со новата европска регулатива, поконкретно со Директивата за European Electronic Communications Code DIRECTIVE (EU) 2018/1972, како и со Регулативата Gigabit Infrastructure act (GIA) Regulation (EU) 2024/1309.

   Статус:Законот е донсен и ќе се применува од 01.06.2026 година.

2. Националната стратегија за сајбер безбедност 2025–2028 година, како стратешки патоказ за зајакнување на отпорноста и безбедноста на државата во сајбер просторот.

   Статус:Стратегијата е донесена и се применува.

3. Закон за безбедност на мрежи и информациски системи.

   Цели на овој закон се изградба на капацитети за безбедност на мрежни и информациски системи во државата, намалување на заканите за мрежните и информациските системи што се користат за обезбедување основни услуги во клучните сектори и обезбедување на континуитет на таквите услуги во случај на инциденти, со што се придонесува кон безбедноста на Република Северна Македонија и ефективно функционирање на нејзината економија и општество. Со овој Закон детално се утврдуваат надлежностите на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT ) кој согласно Законот за електронските комуникации е формиран во состав на Агенцијата за електронски комуникации како официјална национална точка за контакт и координација во справувањето со безбедносните инциденти кај мрежите и информациските системи кој идентификува и обезбедува одговор на безбедносни инциденти и ризици.

Статус:Законот е донесен и се применува од 01.01.2026 година.

## РЕШЕНИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ АКТИ

Агенцијата за електронски комуникации донесе Годишен План за проценка на ризици од корупција за 2024-2025 година.

Тргнувајќи од начелата на независнот, професионалност и етичност АЕК има номинирано лице за пријава на укажувачи согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

Агенцијата има донесено регистар на ризици како и одговорно лице кои ги следи Акциските планови за управување со ризици.

Агенцијата има одредено работни позиции на кои е утврдено постапување по Законот за претставки и предлози како и за постапување по одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Согласно Внатрешната организација на АЕК има Сектор за внатрешна ревизија која ја спроведува внатрешната ревизија на работењето на АЕК согласно Годишната програма за работа.

Согласно Внатрешната организација на АЕК има Сектор за правни работи кој ја застапува Агенција за електронски комуникации пред судските органи, спроведува постапки за порамнување и покренува прекршочни и кривични пријави против сторители, подготвува решенија и одлуки кои произлегуваат од надлежноста на Агенцијата за електронски комуникации, ги спроведува и следи постапките за наплата на долг,води постапка за решавање на спорови решава спорови помеѓу оператори и оператори и правни лица кои управуваат со физичка инфраструктура, спроведува постапки за посредување и постапува по извештаи од стручен надзор. Во рамките на Агенцијата за електронски комуникации формирана е Комисија за одлучување по прекршок согласно Законот за прекршоците.

Во состав на Агенцијата како посебна организациона единица е формиран Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT) како официјална национална точка за контакт и координација во справувањето со безбедносните инциденти кај мрежите и информациските системи кој идентификува и обезбедува одговор на безбедносни инциденти и ризици. Директорот на Агенцијата во соработка со министерот надлежен за работите од областа на електронските комуникации донесува Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти и Годишенизвештај за работата на националниот центар за одговор на компјутерски инциденти и истите ги доставува на усвојување до Владата на Република Македонија.Годишната програма Владата на Република Македонија ја усвојува најдоцна до 1 декември во тековната година, а Годишниот извештај од Владата на Република Македонија го усвојува најдоцна до 31 март во тековната година.

## Контрола и мониторинг на радиофреквенции, стручен надзор и параметри за квалитет на јавните електронски комуникациски мрежи

Согласно Годишната програма за работа на Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции за 2025, барањата од Секторот за Радиокомуникации и Секторот за грижа на корисници, пријавените пречки во радиокомуникациите, пријавите на крајни корисници-физички и правни лица корисници на електронски услуги, Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции ги извршуваше следните задачи :

- Редовна контрола и мониторинг на работата на радиостаниците по пат на прием на емисии на радиостаници од фиксни, мобилни и преносни мерни станици
- Евидентирање на измерените параметри на радиоемисиите по извршени мерења на

радиофреквенцискиот опсег
- Контрола на корисниците на радиофреквенции поради усогласеност со доделените услови од Одобренијата
- Контрола на радиофреквенцискиот спектар поради усогласеност со меѓународните стандарди и препораки
- Мерење на покриеност и зафатеност на радиофреквенциски опсези
- Решавање на пречки поради тешкотии во користењето на доделените радиофреквенции
- Редовна контрола и мониторинг на дигиталната телевизија (DVB-T) со фикси станици и RF мониторинг сензорски станици
- Редовна контрола и мониторинг на јавни мобилни радиомрежи (GSM/UMTS/LTE/5G) со фикси и RF мониторинг сензорски мерни станици
- Мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку радиомрежа ( GSM/UMTS/LTE/5G) по барање на корисник
- Мерење и контрола на вредностите на нејонизирачко зрачење
- Мерење на радиофреквенциските опсези за потребите за планирање
- Надзор над имателите на одобренија за користење на радиофреквенции
- Давање на техничка асистенција на другите сектори, а поврзана со проблематиката од Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- Мониторинг на радиофреквенциските опсези кои се користат за јавни мобилни радиофреквенциски мрежи и WiFi опсезите во просториите за полагање на стручни испити со цел да се оневозможи електронска комуникација со околината
- Идентификација и определување на параметри на радиоемисии за потребите на погранична координација
- Редовно одржување на софистицираниот систем од мерна мониторинг опрема

Во текот на 2025 година Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции ги исполни следните активности:

| | **Опис на активности** | **За период 01.01.2025–31.12.2025** | **За период 01.01.2024–31.12.2024** |
|---|---|---|---|
| 1 | **Вкупено измерени (мониторирани) емисии на радиостаници од фиксни, мобилни и преносни станици)** | **43563** | **30491** |
| **25684** | Зафатеност на опсег<br>(број на мерења) | **24** | **/** |
| **/** | **Мерење на нејонизирако зрачење** | | |
| | Мерење нејонизирачко зрчење по план за работа | **2** | **/** |
| **/** | Мерење нејонизирачко зрчење по приговор од правни/физички лица | **17** | **24** |
| **13** | **Мерења на задолжитени вредности на параметрите за квалитет на јавни мобилни** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **мрежи** | | |
| | Мерења по приговор од правни/физички лица | **28** | **24** |
| **25** | Редовни мерења (часови) | **/** | **454** |
| **298** | Мониторинг во просториите за полагање на испити за јавна администрација (во часови) | **89** | **89** |
| **140** | надзор<br>(број на субјекти) | **56** | **16** |
| 10 | Пракса ( број на студенти – во времетраење од 2 недели) | **/** | **/** |
| 11 | Редовна контрола на РФ сензорски станици | **187** | **70** |

ЗАБЕЛЕШКА

**Радиомониторингот** е вршен од референти мониторинг станици кои се претходно дефинирани и ги сочинуваат фиксни станици, RF сензори како и мобилни и преносни станици од места со однапред утврдени локации. Со редовниот мониторинг на радиофреквенцискиот спектар се опфатени следниве радиослужби : фиксна, копнено мобилна, радиодифузна, аматерска како и воздухопловна служба.

За утврдените неправилности – работа без Одобрение за користење на радиофреквенции, отстапување од параметрите дадени во Одобренијата за користење на радиофреквенции како и за други неправилности од технички и експлоатациони услови се изготвуваат Извештаи кои понатаму се проследуваат до овластените лица за вршење на стручен надзор.

За да се утврди усогласеноста со параметрите во Одобренијата за користење на радофреквенции, Секторот за контрола и миониторинг на радиофреквенции спроведе 56 надзори над субјекти во соодветните радиослужби.

**Мониторинг во простории за полагање на стручни испити**

Согласно новите измени во законската регулатива, од 2016 година АЕК започна со мониторинг на радиофреквенциските опсези во просториите за полагање на стручни испити кои се вршат во три испитни центри.

Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции спроведува мониторинг во просториите за полагање на стручни испити на поради проверка на блокираноста на радиофреквенциските опсези кои се користат за јавни мобилни радиокомуникациски мрежи и WiFi опсезите за бежична комуникација во просториите за полагање на испити со цел да се оневозможи електронска комуникација со околината.

Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции врши контрола на вредностите на нејонизирачко зрачење кое потекнува од јавните мобилни радиокомуникациски мрежи преку спроведување на редовни мерења. Доколку при мерењата се регистрираат нивоа над дозволените

вредности, се превземаат мерки кон мобилните оператори со цел вредностите на нејонизирачко зрачење бидат во рамките на дозволениот опсег на вредности.

Мерења на нејонизирачкото зрачење се вршени  и по приговор од страна на физички / правни лица со цел да се измери  степенот на  изложеност на нејонизирачко зрачење на специфични локации во кои престојуваат луѓе.

Согласно **Првилникот за мерење на параметрите за квалитет на јавните елктронски комуникациски услуги,** Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции врши контрола на параметрите за квалитет на услугите од јавните мобилни радиокомуникациски мрежи со цел постојано подобрување и зголемување на квалитетот кој го добиваат крајните корисници.

Во текот на 2025 година не беа предвидени редовни мерења на параметрите за квалитет на услугите кои потекнуваат од јавните мобилни радиокомуникациски мрежи. Единствено се спроведуваа мерења по барање на краен корисник или по барање на Секторот за грижа на корисници со цел утврдување на квалитетот на услугите кои ги нудат мобилните оператори на дадена локација,.

| | **Опис на активности**<br><br>Мерење на параметри за квалитет на мобилни мрежи | **За период**<br><br>**01.01.2025 – 31.12.2025** | **За период**<br><br>**01.01.2024 – 31.12.2024** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 21.1 | Мерења по приговор од физички/правни лица | **28** | **24** |
| 21.3 | Редовни мерења | **/** | **454** |

**Мерење и контрола на дигиталната телевизија - DVB-T**

Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции  во 2025 организираше редовна контрола и мониторинг на сигналите на дигиталната телевизија DVB-T преку фиксни и RF мониторинг сензорски станици со цел заштита на  доделениот радиофреквенциски опсег од нелегално користење како и проверка на усогласеноста со условите од доделените одобренија за имателите на DVB-T одобренија во радиодифузна служба.

**Интерференции**

| | **Опис на активности** | **За период**<br><br>**01.01.2025 – 31.12.2025** | **За период**<br><br>**01.01.2024 – 31.12.2024** |
|---|---|---|---|
| **1** | **Број на решени пречки вкупно** | **28** | **24** |
| 1.1 | За ВС | **4** | **5** |
| 1.2 | За ВТ | **/** | **/** |
| 1.3 | За Линкови | **1** | **1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.4 | За GSM/UMTS/LTE/5G | **16** | **8** |
| 1.6 | За ТЕТРА (МВР) | **/** | **/** |
| 1.7 | За СО (такси и друго за опсег 2 и 0.7 м ) | **5** | **8** |
| 1.8 | За воздухопловна и радио навигација | **/** | **2** |
| 1.9 | За останато | **2** | **/** |

Решавањето на пречките во радиокомуникациите се решаваа согласно приоритетот во работата на Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции каде што највисок приоритет имаат пречките во воздухопловна мобилна, воздухопловна радионавигациска служба како и другите безбедносни служби. Интерференциите се решаваа со претходно утврдување на причините со користење на радиомерења (мониторинг) преку софистицираниот системот на фиксни и RF мониторинг мерни сензорски станици, на микролокација со користење на специјални преносни мерни уреди како и соодветни технички анализи и истражувања.

Во опсегот на мобилната телефонија причини за пречки беа неисправни технички параметри на опремата на мобилните оператори, антенски засилувачи, сигнали од мобилни мрежи од оператори од соседни држави, дистрибутивна мрежа на кабловските оператори, несоодветна примена на блокатори на радиофреквенциските опсези.

Во радиофреквенцискиот опсег на 2м и 0.7м во копнена мобилна служба се пријавени пречки од такси компаниите поради неможност од користење на доделените радиофреквенции. Изворот на интерференции беа кабловските оператори поради неисправни технички параметри на нивната преносна мрежа, неисправни предавателни системи на самите оператори како и радиосигнали од надворешни извори.

**Одржување на мерна опрема, објекти, простории**

Превентивното одржувањето на мерната опрема и специјалните мониторинг мерни возила се вршеше во континуитет од страна на Секторот за контрола и мониторинг а сите дефекти на системот од мерни монитотинг уреди беа пријавувани и поправани од фирмата Интраком која е овластена од страна на ТЦИ за одржување на софистицираниот систем за мониторинг на АЕК.

***Превентивно одржување***

Секојдневно мониторирање на системот од мониторинг мерни станици преку системот Cacti со посебен акцент на референтните мониторинг станици.

Редовна контрола на RF сензорските станици (вкупно 75) и фиксни станици (7 станици) согласно Процедурата за одржување на мерната опрема.

## Грижа за корисници

Од страна на Секторот за заштита на правата на корисниците во 2025 година беа реализирани следниве активности:

| Активност | 2025 година |
|---|---|
| 1. Примени барања за решавање на спор | 293 - Барање за решавање на спор<br>5 - Управен суд<br>1 - Народен Правобранител<br>1- Извадок од Влада на Р.М.<br>1- Допис до Управен инспекторат |
| 2. Изготвени покани за посредување и барање на списи, решенија, заклучоци, дописи до други релевантни институции, вонреден и контролен надзор | 259 - Покани<br>5 - Решенија делумно усвојува<br>48 - Решенија усвојува<br>117 - Решенија одбива отфрла<br>13 - Заклучок ненадлежен<br>37 - Заклучок непотполна<br>54 - Заклучок запира<br>8 - до Дпи<br>5 - до Управен суд и Виш управен суд<br>2- до Народен правобранител<br>2- до Влада на РСМ |
| 3. Телефонски консултации со крајни корисници | 522 |
| 4. Прием на странки и нивно правно советување за заштита на нивните права | 139 |
| 5. Решенија за стандардни претплатнички договори | 2 |
| 6. Одговорени повици на 190 | 1.123 |

| | |
|---|---|
| 7. Преслушани пораки | 89 |
| 8. Одговорени прашања на комуницирај.мк | 1.125 |
| 9. Состаноци со претставници на оператори | 13 |
| 10. Ургенција достава списи по решение - Управен Суд РМ | 4 |
| 11. Седница на национален совет за заштита на потрошувачите во Министерство за економија и труд | 2 |
| 12. Организација и учество на округла маса, на теми поврзани со заштита на корсниците и во областа на електронските комуникации, во склоп на меѓународната конференција организирана од АЕК. | 1 |
| 13. Соработка со претставници од Регулаторните тела од регионот (Црна Гора, Србија, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина) и споделување на информации за подобрување на работата во областа на Грижа за корисници. | 2 |
| 14. Учество на меѓународна конференција во Загреб организирана од ХАКОМ, на тема „Pristupacna buducnost" | 1 |
| 15. Достава на предлог измени и коментари на ЗЕК | 1 |
| 16. Состанок во МДТ за изменина ЗЕК | 2 |
| 17. Меѓународен состанок на конференција во Будва со претставници на регулаторни тела од регионот и придонес со презентација на тема „Актуелности во областа на заштита на корисниците и обезбедување на најдобра правна заштита" | 1 |
| 18. Соработка со професори од ФЕИТ, Универзитет Климент Охридски- Битола, соработка за кампања на АЕК и проект | 3 |

| | |
|---|---|
| „Дојди и научи“ | |
| 19. Учество на дигитален самит | 1 |
| 20. Презентација во рамки на кампања на ФИКТ, Универзитет Климент Охридски- Битола | 1 |

## Меѓународна соработка, роаминг и јавни состаноци

### Јубилејна Меѓународна Регулаторна Конференција и прв Јавен состанок во 2025 година

Во текот на 2025 година, во целосна организација на секторот за меѓународна соработка, беше реализирана Меѓународната Регулаторна Конференција ( IRG – International Regulatory Conference) како Јубилеј на 25 годишнината на основањето на независно регулаторно ( Управа за телекоомуникации во склоп на Министерството за транспорт и врски ) , 20 години од основањето на независното регулаторно тело за електронски комуникации – Агенциј за електронски комуникации и 160 години од Меѓународната Унија за телекомуникации .

Конференцијата се одржа во Скопје во период од 19-21 Мај 2025 година . На истата присуствуваа 280 гости од странство ( претежно од регулаторните тела од регионот и оператори) како и гости од нашата земја , а на агендата се претставија 23 презентери .

**Втор Јавен состанок во 2025 година**

Агенцијата за електронски комуникации почитувајќи ја законската обврска за транспарентност во работењето го организираше и реализираше вториот јавен состанок со цел да се овозможи на заинтересираните страни, да ги изразат своите ставови и мислења по однос на развојот на електронските комуникации во Република Македонија, на ден 25.12.2025 година.Присуствуваа 40 тина учесници од операторите.

**Меѓународна соработка:**

1. On-line учество на Генералното Собрание на ETSI каде што беа презентирани годишните програми.
2. Остварено е учество на Светската Конференција за телекомуникациски развој која се одржа во Баку во период од 17-28 Ноември 2025 година под покровителство и спонзорство на Меѓународната Унија за Телекомуникации - Одделот за развој ( одговорни за Европа). На оваа конференција се донесоа значајни документи за идниот развој на телекомуникацискиот систем на светско ниво и тоа во соработка и со изгласани успешно низа документи кои во иднина го определуваат и детерминираат развојот во оваа сфера со исклучително диманичен раст значаен за целокупното општествено живеење и меѓународно делување.
3. Обезбедено е пријавување и учество на дополнителни групи во Меѓународната Унија за телекомуникации ( Жените во сајбер светот и нивната застапеност и координација)
4. Учество на вработени во ова одделение на обука за промовирање и мерење на UMS стандарди.
5. Учество на Годишниот состанок на EaPeReg групата

6. Дописи и координација до Регулаторните тела, ITU, BEREC, ETSI и учество на состаноци .
7. Организација и обезбедување документација за врботените на АЕК кои се во канцеларијата на BEREC во Рига.
8. Организација и коресподенција со Независната Група на Регулатори ( IRG – Independent Regulatory Group) каде што Директорот Јетон Акику е потпретстдател за 2025 година. Интензивирани се меѓународните контакти и обврски кои допринесуваат во организациските активности на вработените во одделението за меѓународна соработка и воопшто во Агенцијата за електронски комуникации.

## РОАМИНГ

Владата на Република Северна Македонија на Сто и првата седница, одржана на 19 август 2025 година го задолжи Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, да го спроведе Акцискиот план за усогласување со европското законодавство за роаминг и за напредокот, на месечна основа, да го информираат министерот за европски прашања м-р Орхан Муртезани, како координатор за Столб I од Планот за раст, согласно Одлуката за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст Западен Балкан („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.1067/25).

Се задолжи Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за европски прашања, до Владата да достават детална анализа на правната празнина (GAP analysis) меѓу националното законодавство и релевантните регулативи на Европската Унија, најдоцна до 22 декември 2025 година.

Се задолжи Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, да изготви законски и/или подзаконски акти, врз основа на деталната анализа и да ги достави до Владата, најдоцна до 21 април 2026 година.

Врз основа на горенаведените задолженија се формираше работна група составена од претставници на Министерството за дигитална трансформација, Министерството на европски прашања и Агенцијата за електронски комуникации.

Работната група одржа повеќе состаноци на кои спроведе сеопфатна анализа на разликите помеѓу националното законодавство од една страна и регулативите кои се составен дел на EU roaming acquis, и тоа:

- Регулатива (ЕУ) 2022/612 на Европскиот парламент и на Советот од 6 април 2022 година за роаминг на јавна мобилна комуникациска мрежа во рамките на Унијата (преработена );
- Регулатива за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2016/2286 од 15 декември 2016 година со која се утврдуваат детални правила за примена на политиката за фер користење и за методологијата за проценка на одржливоста на укинувањето на дополнителните трошоци за малопродажен роаминг и за барањето што треба да го поднесе давателот на услуги за роаминг за целите на таа проценка;
- Делегирана регулатива на Комисијата (ЕУ) 2021/654 од 18 декември 2020 година со која се дополнува Директивата (ЕУ) 2018/1972 на Европскиот парламент и на Советот со утврдување

единствена максимална цена за завршување на мобилни гласовни повици на ниво на Унијата и единствена максимална цена за завршување на фиксни гласовни повици на ниво на Унијата; и

- Регулатива (ЕУ) 2018/1971 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2018 година за основање на Телото за европска регулатива за електронски комуникации (BEREC) и Агенцијата за поддршка на BEREC (Канцеларија на BEREC), изменување на Регулативата (ЕУ) 2015/2120 и укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1211/2009).

Спроведените ГАП анализи беа доставени до Владата на РСМ во Декември 2025 год. На следните состаноци работната група работеше на изготвување на Предлог Закон за измена и дополнување на законот за електронските комуникации во кој што требаше да се транспонираат горенаведените EU roaming acquis.

Во Јануари 2026 год работната група го изготви Нацрт текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации и истиот е објавен на ЕНЕР и на е влада заради добивање на мислење од сите заинтересирани страни.

Агенцијата за електронски комуникации даде позитивно мислење на објавениот Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации во чија што изработка беше активно вклучена.

За комплетирање на транспонирањето на ЕУ роаминг акито во нашето законодавство Агенцијата изготви и три драфт Одлуки и еден Правилник кои што се неопходни за целосна имплементација на ЕУ роминг регулативата.

Целокупната документација, Нацрт текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, трите Одлуки и Правилникот се преведени на англиски јазик и преку Министерството за европски прашања доставени до Европската Комисија за разгледување.

Во врска со активностите поврзани со рамингот помеѓу земјите од Западен Балкан би можело да се каже следното:

Од стапувањето во сила на режимот “роамирај како дома (RLAH)” на 1ви Јуни 2021 година Одделението за анализа на пазарите прибира квартални прашалници од мобилните оператори со цел изготвување на Збирен извештај за нашата земја поврзан со обезбедувањето на роаминг услугите. Тој збирен извештај е составен дел од извештајот кој што го изготвува РЦЦ во кој што се вклучени податоците за сите земји од Западен Балкан.

Извештајот кој што се изготвува од страна на РЦЦ на годишна основа се објавува секоја година на веб страната на РЦЦ.

### Безбедност и интегритет на мрежи

Вработените од СИТ посветено, навремено и квалитетно извршуваа работни задачи во делот на:

- Корисничка ИТ поддршка за вработените во АЕК и операторите
- ИТ поддршка за вработените во АЕК

- Администраторска и корисничка поддршка за потсистемите дел од ИИС
- Објава на информации на порталите на АЕК
- Надзор на безбедноста и интегритетот на мрежи и услуги на операторите
- ИТ корисничка поддршка за операторите- корисници на ЦБП системот за преносливост на броеви
- ИТ надзор над системите на АЕК за е-пошта, веб страни, печатење, интернет, LAN И WAN

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ:

- **Веб сајт на АЕК -** www.aek.mk

| Активност | Посети | Прегледани страници |
|---|---|---|
| 2024 | 37,386 | 116,270 |
| 2025 | 11,000 | 107,000 |

*Прикажаните вредности се во единица мерка број
*Табела бр. 1 Споредба на посетеност на веб сајтот на АЕК www.aek.mk за 2024 год и 2023год.*



| Active users | New users | Average engagement ti... | Event count |
|---|---|---|---|
| 11K ↓46.2% | 10K ↓46.7% | 8s ↑13.6% | 107K ↓44.4% |

Top pages/screens

| PAGE TITLE AN... | VIEWS | | ACTIVE USERS | | EVENT COUNT | | BOUNCE RATE | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДОМА - Агенциј... | 20K | ↓43.6% | 6.4K | ↓42.3% | 39K | ↓43.5% | 38.0% | ↑4.3% |
| Директор - Аген... | 1.8K | ↓50.1% | 1.3K | ↓47.7% | 2.8K | ↓51.6% | 12.1% | ↓17.2% |
| Стручна служба... | 1.6K | ↓55.9% | 869 | ↓50.1% | 2.5K | ↓54.5% | 29.7% | ↑5.8% |
| Контакт - Агенц... | 1.6K | ↓45.8% | 1.1K | ↓42.1% | 2.7K | ↓43.5% | 30.1% | ↑6.8% |
| Огласи Archives ... | 2.3K | ↑55.2% | 508 | ↓31.0% | 2.8K | ↑63.7% | 10.2% | ↑1.6% |
| Комисија на АЕ... | 840 | ↓68.4% | 585 | ↓59.8% | 1.2K | ↓68.6% | 20.7% | ↓0.2% |
| Легислатива Ar... | 965 | ↓54.6% | 411 | ↓60.5% | 1K | ↓62.0% | 2.6% | ↓84.4% |

*Слика 1 - Споредба на посетеност на веб сајтот на АЕК www.aek.mk за 2025 год и 2024 год.*

- **Веб портал -** www.komuniciraj.mk

| Активност | Посети | Прегледани страници |
|---|---|---|
| 2024 | 8,099 | 14,335 |
| 2025 | 6,800 | 8,800 |

*Прикажаните вредности се во единица мерка број

*Табела бр. 2 Споредба на посетеност на www.komuniciraj.mk за 2025 год и 2024 год.*




| PAGE TITLE AN... | VIEWS | | ACTIVE USERS | | EVENT COUNT | | BOUNCE RATE | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АЕК Именик-Мо... | 1.2K | ↑2.0% | 868 | ↑1.8% | 3K | ↓0.1% | 67.7% | ↓11.8% |
| Дома - Комуниц... | 545 | ↑4.0% | 262 | ↑37.2% | 1.1K | ↑6.6% | 51.6% | ↓4.4% |
| СКУПИ КАБЛЕ ... | 138 | ↑305.9% | 88 | ↑266.7% | 349 | ↑232.4% | 57.4% | ↑43.6% |
| Прашања и одг... | 92 | ↑37.3% | 64 | ↑56.1% | 202 | ↑55.4% | 38.8% | ↑4.3% |
| Преносливост н... | 94 | ↑327.3% | 32 | ↑190.9% | 132 | ↑230.0% | 20.5% | ↓28.2% |
| Дигитална теле... | 57 | ↑83.9% | 32 | ↑33.3% | 110 | ↑83.3% | 62.9% | ↑69.7% |
| Измерени пара... | 35 | ↓32.7% | 18 | ↓40.0% | 82 | ↓32.8% | 52.0% | ↑15.1% |

*Слика 2 - Споредба на посетеност на www.komuniciraj.mk за 2025 год и 2024 год.*

- **Веб портал –**https://e-agencija.aek.mk/

| Активност | Посети | Прегледани страници |
|---|---|---|
| 2024 | 6,641 | 18,462 |
| 2025 | 7,500 | 8,800 |

*Прикажаните вредности се во единица мерка број

*Табела бр. 3* Споредба на посетеност на e-agencija.aek.mk за *2025 год и 2024 год.*

| Active users | New users | Average engagement ti... | Event count |
|---|---|---|---|
| 1.1K | 1.1K | 0s | 7.5K |
| ↑ 21.3% | ↑ 23.1% | - | ↑ 7.8% |

Top pages/screens

| PAGE TITLE AN... | VIEWS | | ACTIVE USERS | | EVENT COUNT | | BOUNCE RATE | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| е-Агенција: Еле... | 2.2K | ↓13.1% | 515 | ↑19.2% | 3.3K | ↓9.2% | 35.2% | ↓13.1% |
| Пригoвори од к... | 1.3K | ↑21.8% | 566 | ↑22.0% | 2.3K | ↑23.1% | 42.2% | ↓3.2% |
| Упатство за кор... | 363 | ↑57.8% | 223 | ↑60.4% | 582 | ↑54.4% | 30.8% | ↑15.6% |
| Контакт | 195 | ↑39.3% | 107 | ↑33.8% | 233 | ↑37.1% | 10.6% | ↑35.9% |
| Дали може да г... | 107 | ↓8.5% | 95 | ↓9.5% | 296 | ↓11.4% | 87.9% | ↓2.5% |
| Упатства | 80 | ↑14.3% | 56 | ↑60.0% | 84 | ↑15.1% | 6.8% | ↑171.2% |
| Која е постапка... | 86 | ↑186.7% | 61 | ↑134.6% | 169 | ↑238.0% | 21.5% | ↑45.4% |

*Слика 3 - Споредба на посетеност на e-agencija.aek.mk за 2025 год и 2024 год.*

### Активности во секторот за информатички технологии

Објава на Јавни расправи, Правилници, Соопштенија, Формулари, Извештаи, Записници, Стандардни претплатнички договори, извештаи за параметри за квалитет за безжични јавни комуникациски мрежи, информации за вработените на веб порталите на АЕК

Корисничка поддршка при доделување на привилегии за корисници на апликации за деловодничко работење кои се дел од Интегрираниот Информациски систем

Обезбедување на ИТ опрема за нововработени лица во АЕК со отворање на кориснички профил за пристап до апликациите и системите на АЕК согласно работното место, отворање на сандаче за е-пошта, инсталација на потребните апликации и овозможување на пристап до содветните ресурси за непосредно извршување на работните задачи.

Инсталации и припрема на нова корисничка опрема

Корисничка поддршка за сетирање, поставување и користење на дигитални сертификати за порталите на УЈП, Централен регистар, градежна дозвола и е-урбанизам

Корисничка поддршка за апликациите за деловодничко работење и корекција на архивски броеви кои се генерираат од веб апликација за деловодничко работење со архивски деловодник, деловодник за УП и деловодник за УПП

Инсталација на дигитални квалификувани персонални сертификати за службени цели за вработени во Агенцијата за електронски комуникации

Техничка поддршка за Sharepoint со развој на структура, корисничка поддршка при доделување на привилегии за корисници на апликациите на Sharepoint, корисничка подршка за користење

Обнова на лиценците за антивирусна заштита на серверите и клиентските машини.

Инстлација на ново решение за заштоита од малициозни активности. Индсталација и миграција од Exchange on prem во клауд решени Office 365. Изработка на квартални и годишни извештаи и планирање на следни активности

Техничка подршка при инсталација на нови апликации. Блокирање на сомнителни електронски пораки.

### Надзор на безбедноста и интегритетот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги

Активностите за Надзор на безбедноста и интегритетот се извршуваат врз основа на член 166 од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), како и Измените и дополнувањата на Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги и активности кои што операторите треба да ги преземат при нарушување на безбедноста на личните податоци (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18). Согласно овие активности операторите превземаат мерки и активности опишани во Политиката за безбедност со која се потврдува:

- Менаџирање со генералните безбедности ризици
- Заштита на крајните корисници
- Одржување на достапност на мрежата
- Безбедност и интегритет на личните податоци

Исто така операторите се должни еднаш годишно да спроведат безбедносна проверка на информацискиот систем, со цел да се потврди дали се исполнети минималните пропишани мерки за безбедност наведени во Листата 2. Наодот од проверката, заедно со планот за отстранување на констатираните недостатоци, како и политиката за безбедност до колку е ревидирана, потребно е да се достават до Агенцијата за електронски комуникации до крајот на мај во тековната година, за претходната година. Постапката за безбедносната проверка може да ја реализира операторот или квалификувано независно тело кое врши безбедносна проверка

Согласно законските одредби предмет на овој надзор се операторите кои ги нудат следниве услуги:

- Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација,
- Јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа,
- Услуги за пренос на податоци,

Во тек е доставувањето на безбедносните проверки од страна на операторите како и ревидираните политики за безбедност во одредени случаи, каде што има промена на превземените мерки.

Консултациите со операторите за начинот на изработка на безбедносните проверки, потребната документација како и начинот на достава на истите се одвиваат со секој поединечно.

Согласно потребите за усогласување со Европската регулатива континуирано се следат препораките од ЕНИСА – Агенцијата за мрежна и информациска сигурност на Европската Унија.

Следење на измените и дополнувањата на законските регулативи за превземање на технички и организциски мерки за безбедност и интегритет на мрежите и услугите на државите членки во ЕУ и на кандидат земји членки за да се избере најсоодветен модел за примена кој би се прилагодил на Законот за електронските комуникации.

Проверки во Регистарот за нотифицирани субјекти за проверка на нови нотифицирани субјекти кои се нотифицирани во службената евиденција на Агенцијата за електронски комуникации за било која од следните услуги:

- Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација,
- Јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа,
- Услуги за пренос на податоци
- за да се испрати Барање за достава на Политика за безбедност.

Континуирано следење на сандачето за е-пошта Incident@aec.mk преку RTIR систем за управување, евиденција и следење на инциденти и систем за издавање билети за пријави на инциденти од операторите.

Во овој квартал на наведената електронска пошта не е пристигнато известување за инцидент.

Вкупно **72 оператори** кои се предмет на надзор доставиле безбедносни проверки за 2023 годнина. Ниеден од оперататите не доставиле ревидирана политика и нема пријави за инцидент.

КОРИСНИЧКА ПОДДРШКА (HELP DESK)

- Во изминатиот период беа извршени повеќе технички интервенции од вработените во СИТ на дневна, неделна и месечна основа како електронска, визуелна контрола на серверите и инсталираните програми, контрола на опремата во систем сали, најава на серверите и проверка на аларми, преглед и одобрување на барања од правни субјекти на порталот на https://e-agencija.aek.mk/, детекција на проблем со информатичката опрема (хардвер) и постапување кон отстранување на истиот.

| Месец | Јан | Феб | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Техничка поддршка* | 50 | 42 | 70 | 53 | 49 | 30 | 50 | 35 | 39 | 50 | 43 | 33 |
| Вкупно | 50 | 42 | 70 | 53 | 49 | 30 | 50 | 35 | 39 | 50 | 43 | 33 |

*Техничка поддршка, локално на компјутери, инсталација на принтери, инсталација на програми, отклучување на корисници, инсталација на ВПН клиенти, бришење на програми од стари компјутери
Тековни интервенции на сервери дневни неделни - контрола електронска,  визуелна на серверите и инсталираните програми
Месечни интервенции на сервери- контрола   на копии бекап

**Прикажаните вредности се во единица мерка број
*Табела бр. 4*	Табеларен приказ на корисничка поддршка

# Годишен финансиски извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година

## Извештај за реализирани расходи и приходи на агенцијата за електронски комуникации во 2025 година

Активностите кои се образложени во Годишниот извештај за работа на Агенцијата во 2025 година се суштински активности на Агенцијата и се во согласност со Законот за електронски комуникации, со прописите донесени врз основа на него, со националната стратегија за развој на електронските комуникации и информатички технологии, со други стратешки документи, со акционите планови од областа на електронските комуникации и медиумите и истите се рефлектираат во операционализација на целите на Законот.

Од презентираните финансиски извештаи за 2025 година може да се констатира коректно, законско, исправно работење на Агенцијата за електронски комуникации која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени и планирани цели, правилно организирани ресурси и јасни визии.

Агенцијата за електронски комуникации во извршувањето на активностите во 2025 година реализира расходи и приходи.

## 2.Реализирани Расходи

**Расходна ставка 400-Потрошени материјали**
Вкупната вредност на реализација на расходната синтетичка ставка Потрошени материјали изнесува 2.911.078,00 денари или со процент на реализација од 46,21 % во однос на планираните расходи за 2025 година. Реализацијата на оваа расходна категорија во 2025 во однос на реализацијата на 2024 година е за 5,17% повеќе.




Во вредноста се вкалкулирани трошоци за:
> канцелариски материјал,
> годишна претплата за дневни списанија, за стручни литература од областа на електронските комуникации.
> тонери,
> водовод и каналаизација,
> други комунални такси и услуги ( КМЦ Скопје, Битола, Штип),
> средства за одржување на хигиената,
> ситен инвентар, алати,
> горива и масла за возниот парк на АЕК,
> материјали за поправка и останато.

**Расходна ставка 401-Потрошена енергија**
Вкупната вредност на реализација на оваа расходна ставка изнесува 7.184.491,00 денари што е 69,75% од планираните средства за 2025 година и е за 9,58% помалку од реализацијата во 2024 година.




Во вредноста се вкалкулирани трошоци за:

- Електрична енергија
- Екстра лесно гориво за затолување

**Расходна ставка 402-Инвестиционо одржување на средства**
Вкупната вредност на реализација на оваа расходна ставка изнесува 0,00 денари.




Во вредноста се вкалкулирани трошоци за:

- Одржување на зелени површини

**Расходна ставка 403 - Други услуги ( комунални услуги и комуникација)**

Вкупната вредност на релизирани трошоци на расходната ставка Други услуги (комунални услуги и комуникација) изнесува 68.206.089,00 денари, во која се вкалкулирани трошоци за:

> поправка и сервисирање на моторните и специјалните возила на АЕК,
> поправка и оддржување на софтверска и хардверска опрема,
> поправка и оддржување на информатичка опрема ,
> курирски услуги и поштенски услуги,
> мобилна и фиксна телефонија,
> комуникациски линкови,
> услуги за копирање и печатење,
> радиодифузна такса.

Реализацијата во однос на планираните расходи за оваа категорија во 2025 година е 74,37% а бележи зголемување во однос на 2024 година за 19,41%.



**Расходна ставка 404- Превозни - транспортни услуги**

Реализацијата на трошоците што се содржани во оваа синтетичка ставка изнесуваат 306.708,00 денари и реализација од 47,19% во однос на планираните расходи за 2025 година и зголемување за 12,75% во однос на 2024 година, и се однесуваат за регистрација на моторните и специјалните возила на АЕК и услуги за влечна служба.



**Расходна ставка 405-Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација**
Вкупната вредност на реализираните трошоци на ова синтетичко конто изнесува 4.280.318,00 денари што е 72,82% од планираните 5.500.000,00 денари за 2025 година и за 10,57% помалку во однос на 2024 година, во која се вкалкулирани трошоци за:

> репрезентативен материјал,
> прехрамбени продукти и безалкохолни пијалоци,
> угостителски услуги во врска со организираните јавни состаноци.
- јавни состаноци со заинтересираните страни, со цел да им овозможи да се запознаат со работењето на АЕК воедно да им даде можност да ги изразат своите ставови и мислења за електронските комуникации ( согласно член 20 од Законот за електронски комуникации ),



**Расходна ставка 408-Наемнина**

Вкупните трошоци во 2025 година кои се реализираа за плаќање на месечни закупнини за локации на територијата на Република Македонија кои кои се земени под закуп за поставување на РФ сензори изнесуваа 3.199.596,00 денари што е 88,88% од вкупно планираната за оваа расходна категорија за 2025 година и за 11,32% повеќе во однос на 2024 година.



**Расходна ставка 409-Други материјални услуги**

Реализацијата на трошоците што се содржани на оваа синтетичка ставка изнесуваат 2.952.00,00 денари што е реализација од 56,77% во однос на планираните за 2025 и зголемување за 46,88% во однос на 2024 година, и исите се однесуваат за:

\> чистење на деловните објекти на АЕК.



**Расходна ставка 410-Провизија за платен промет**

Реализацијата на трошоците што се содржани на оваа синтетичка ставка изнесуваат 350.629,00 денари што е реализација во однос на планираните за 2025 година а е намалување за 15,91% во однос на 2024 година, и истите се однесуваат за :

> банкарска провизија за откуп на девизни средства и за провизија за платен промет, банкарска провизија за ДДВ



**Расходна ставка 412 - Премии за осигурување**

- Вкупната вредност на реализацијата на оваа расходна ставка изнесува 9.665.442,00 денари и се однесува за платена премија за осигурување на моторните возила на АЕК-потполно каско осигурување без франшиза и осигурување на имотот на АЕК. Реализацијата во однос на планот за 2025 година е 685,16% и е поволеќе за 26,90% во однос на 2024 година.



**Расходна ставка 413 - Дневници за службено патување и патни трошоци**
Вкупните трошоци на оваа расходна ставка изнесуваат 11.491.192,00 денари што е реализација во однос на финансискиот план за 2025 година за 84,44% а е зголемување за 30,02% во однос на 2024 година, и се однесуваат за:

\> исплатени дневници во земјата и странство,
\> патни расходи во земјата и странство,
\> хотелско сместување во земјата и странство на Комисијата, орган на АЕК, вработените во АЕК и надворешни лица ангажирани од одговорното лице на АЕК.



**Расходна ставка 414 - Надоместоци на трошоци на работници и граѓани**

Вкупната вредност на реализација изнесува 14.333.787,00 денари и се однесува на исплатени надоместоци за:

- регрес за годишен одмор
- еднократна помош на вработени
- отпремнина при заминување во пензија
- јубилејна награда

Реализацијата во однос на планот за 2025 година е 81,44% и е зголемување за 118,28% во однос на 2024 година.



**Расходна ставка 415 - Негативни курсни разлики**
Реализацијата на оваа расходна ставка изнесува 44.487,00 денари што е 14,83% од планираните за 2025 година, а 106,31% повеќе во однос на 2024 година.



**Расходна ставка 416 – Членарини**

Реализацијата на трошоците што се содржани на оваа синтетичка ставка изнесуваат 6.198.919,00 денари или 92,77% од планираните за 2025 година и 15.46% повеќе во однос на 2024 година, и се однесуваат за:

> исплатена членарина во меѓународни организации : ИТУ, ЕТСИ, ИРГ/ЕРГ, БЕРЕК, ЦИРТ, Кулен Интернешнал и

> во домашни организации.



**Расходна ставка 417 - Интелектуални услуги**

Реализацијата на оваа расходна ставка изнесува 30.505.622,00 денари, со процент на реализација во однос на планираните за 2025 од 76,93%, и бележат намалување за 33,65% во однос на 2024 година, а се однесува за исплатени трошоци за :

> професионални услуги,
> адвокатски и правни услуги,
> услуги за превод,
> волонтерски надоместок
> обука за стручно усовршување,
> семинари и конференции (за Комисија, орган на АЕК и за вработените на АЕК),
> консултантски услуги од областа на анализа на пазарите за електронски комуникации,
> договорни услуги,
> надоместоци на Комисијата, орган на АЕК,



**Расходна ставка 418 - Останати други расходи**

Вкупните трошоци на оваа расходна ставка изнесуваат 1.182.920,00 денари или 25,44% од планираните, а во однос на 2024 година бележат намалување за 33,37%, и истите произлегуваат од исплатени трошоци за :

> објавување на огласи, тендери,
> оперативни расходи,
> затезна казнена камата,
> судски такси за покренување на тужби за наплата на побарувања,
> судски такси по жалби, по пресуди,
> трошоци за извршители, трошоци за покренување на постапки за наплата на побарувања пред нотари,
> грешни уплати ( вратени парични средства)
> трошоци за изгубен судски спор



**Расходна ставка 430 – Пренесени средства на други субјекти**

Вкупните трошоци на оваа расходна ставка изнесуваат 82.170.136,00 денари или 100% од одобрениот финансиски план за 2025 година, за:
-Врз основа на член 3 и член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации (Службен весник на РМ бр.153/2019) за Оперативно -Техничка Агенција

50% од вкупните реализирани приходи од годишните надоместоци кои операторите ги плаќаат за надзор на пазарот, кои Агенцијата ги остварила во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година и

10% од вкупните реализирани приходи од вкупните реализирани приходи од годишните надоместоци за користење на радиофреквенции од страна на имателите на одобренија за користење на радиофреквенции за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.



**Расходна ставка 440 - Капитални средства**

Вкупните трошоци на оваа расходна ставка изнесуваат 96.951.022,00 денари или 95,49% од одобрениот финансиски план за 2025 година, во кои се вкалкулирани трошоци за:

> изградба на антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенциите,
> преадаптација на деловни простории,
> реконструкција на КМЦ.

Реализираната вредност во однос на 2024 година е зголемена за 43,98%



**Расходна ставка 441 - Опрема**

Вкупните трошоци на оваа расходна ставка изнесуваат 108.346.469,00 денари што се 63,34% од планираните за 2025 и се за 29,46% помали во однос на реализацијата во 2024 година, во кои се вкалкулирани трошоци за набавка на :

> Компјутерска опрема
> Друга опрема



## Расходна ставка 455 – Помошти, донации и други давачки

| | |
|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА' | 31.732.385,00 |
| Центар за култура Бели Мугри | 1.200.000,00 |



**Расходна ставка 460 - Вкалкулирани плати**

Вкупната реализирана вредност на синтетичкото конто Вкалкулирани плати изнесува 233.148.290,00 денари и се однесува за пресметани и исплатени нето плати согласно Правилникот за плати и надоместоци на вработените АЕК, за пресметани и исплатени придонеси за ПИО, здравство, професионално заболување, вработување, персонален данок на доход. Оваа реализација е 99,08% во однос на финансискиот план за 2025 година и има зголемување за 20,88% во однос на 2024 година.



**Расходна ставка 470 - Даноци кои не зависат од резултатот**

Вкупните трошоци на расходната ставка изнесуваат 2.033.119,00 денари, произлегуваат од платен персонален данок на доход на трошоци поврзани со службени патувања на комисијата, орган на АЕК, надворешни лица. Во однос на планираните расходи за оваа категорија се реализирани 47,28%, што е повеќе за 123,62% во однос на 2024 година.




**Расходна ставка Вонредни расходи – пребивање со ставка Разни приходи**

Оваа ставка е евиденциона и се пребива со ставка Разни приходи во износ од 368,040,00 денари и се однесува за поврат на погрешна уплата и примени по грешка на комитенти.

Вкупно реализирани расходи: 653.225.483 денари




Реализацијата на расходите во 2024 година изнесуваше 653.225.483,00 денари, односно реализација од 84,59% во однос на планираните и одобрените 849.730.739,00 денари како расходи за 2025 година.

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АЕК 2025 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КОНТА** | **РАСХОДНИ / ПРИХОДНИ КАТЕГОРИИ** | **Реализација 01.01.2025-31.12.2025** | **Буџетиран износ 2025** | **Салдо/Буџет (%) 01.01.2025-31.12.2025** |
| 400100 | КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ | 412.991 | 750.000 | 55 |
| 400110 | СПИСАНИЈА,ВЕСНИЦИ,И ДР.ИЗДАНИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ ДОМАШНА Л. | 151.822 | 150.000 | 101 |
| 400.120 | СПИСАНИЈА,ВЕСНИЦИ,И ДР.ИЗДАНИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ СТРАНСКА Л. | 0 | 0 | 0 |
| 400210 | МАТЕРИЈАЛИ ЗА АОП | 17.100 | 600.000 | 3 |
| 400310 | ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | 361.467 | 850.000 | 43 |
| 400320 | ДРУГИ КОМУНАЛНИ ТАКСИ И УСЛУГИ | 447.502 | 600.000 | 75 |
| 400420 | СРЕДСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА | 453.819 | 600.000 | 76 |
| 400510 | СИТЕН ИНВЕНТАР,АЛАТ И ДРГИ МАТЕРИЈАЛИ | 36.948 | 200.000 | 18 |
| 400511 | ГОРИВА И МАСЛА(МОТОРНИ ВОЗИЛА) | 853.822 | 1.600.000 | 53 |
| 400512 | ГОРИВА И МАСЛА(СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА | 67.128 | 650.000 | 10 |
| 400610 | ДРУГИ М-ЛИ ЗА СПЕЦИЈАЛНА НАМЕНА | 102.330 | 150.000 | 68 |
Универзалната услуга и определувањето на давателот на универзалната услуга се утврдени во членовите 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105 и 106 од Законот за електронски комуникации. Давателот на универзалната услуга има право на компензација на нето трошоци за обезбедување на услуга опфатена со универзалната услуга доколку обезбедувањето на овие услуги за него претставува неправедно оптоварување. Ако Агенцијата утврди дека постои такво оптоварување, истото ќе го пресмета како нето трошоци за обезбедување на конкретната универзална услуга, Средствата во компензацискиот фондот се обезбедуваат од оператори на територијата на Република Македонија кои имаат минимум бруто приход од обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, што го утврдува Агенцијата. Нето трошоците се пресметуваат како разлика меѓу нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга и нето трошоците кои давателот на универзалната услуга би ги имал кога не би бил давател на универзална услуга при што се зема предвид проценетата добивка и нематеријалните поволности што ги има давателот на универзална услуга при обезбедувањето на универзалната услуга. Доколку Агенцијата за електронски комуникации, врз основа на пресметаните нето трошоци утврди дека тие претставуваат неправедно оптоварување за давателот на универзална услуга, директорот на Агенцијата за електронски комуникации ќе донесе решение со кое ќе го утврди износот на средства за компензација на неправедното оптоварување што не може да биде поголем од пресметаните нето трошоци, кои на давателот на универзалната услуга ќе му бидат исплатени од компензацискиот фондот за универзална услуга.

Согласно Решение бр. 1308-660/5 од 16.12.2025 година се исплатени средства во износ од 3.607.613,00 денари што се утврдени како реален трошок за обезбедување на универзална услуга за 2024 година од страна на РЗ Инфомедиа ДООЕЛ Скопје.

Состојбата на посебните наменски сметки отворени во функција на Компензациски фонд за универзална услуга заклучно со 31.12.2025 година изнесуваат 55.320.462,00 денари.

Во прилог на финансискиот извештај за Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2024 година го доставуваме следниот финансиски извештај:

- Биланс на состојба на 31.12.2025 година;

## Годишна сметка за 2025 година




Графикон на остварен резултат 2025

Врз основа на член 19 од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019, 222/2024 и 59/2025) и член 15 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации бр.1102-22/6 од 15.12.2014 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на 09.03.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за усвојување на годишната сметка на
Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Проф. д-р Орце Симов, претседател

Бр.1102- 12/3
Скопје, 09.03.2026 година

www.aek.mk

/.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1102-12/8
10.03.2026 година

ЕМБС: 06005284
Целосно име: АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 78.586.698,00 | | | 90.223.200,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 1.938.744,00 | | | 1.990.128,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 7.710.230,00 | | | 8.105.441,00 |
| 204 | - - Други услуги | 57.491.915,00 | | | 68.512.797,00 |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 4.786.468,00 | | | 4.280.318,00 |
| 209 | - - Наемнини | 2.874.229,00 | | | 3.199.596,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | 3.785.112,00 | | | 4.134.920,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 151.824.742,00 | | | 154.760.214,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 302.492,00 | | | 350.629,00 |
| 214 | - - Премии за осигурување | 7.616.488,00 | | | 9.665.442,00 |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 8.838.295,00 | | | 11.491.192,00 |
| 216 | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 6.566.789,00 | | | 14.333.787,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 21.563,00 | | | 44.487,00 |
| 218 | - - Членарини | 5.368.876,00 | | | 6.198.919,00 |
| 219 | - - Други расходи | 45.975.365,00 | | | 30.505.622,00 |
| 221 | - - Пренесени средства | 77.134.874,00 | | | 82.170.136,00 |
| 222 | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | 220.936.455,00 | | | 205.297.491,00 |
| 223 | - - Средства за градежни објекти | 67.336.264,00 | | | 96.951.022,00 |
| 224 | - - Средства за опрема | 153.600.191,00 | | | 108.346.469,00 |
| 226 | - - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229) | 7.980.000,00 | | | 32.932.385,00 |
| 227 | - - Помошти, донации и други давања на субјекти | 7.980.000,00 | | | 32.932.385,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 192.881.794,00 | | | 233.148.290,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 126.521.829,00 | | | 152.782.827,00 |
| 232 | - - б) Вкалкулирани надомести | 66.359.965,00 | | | 80.365.463,00 |
| 233 | - - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 909.175,00 | | | 2.033.119,00 |
| 234 | - - Вонредни расходи | 106.619,00 | | | 368.040,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 653.225.483,00 | | | 718.762.739,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 237 | - - Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 6.118.266,00 | | | 6.116.212,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 659.343.749,00 | | | 724.878.951,00 |
| 243 | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1.604.626,00 | | | 931.853,00 |
| 246 | - - Сопствени приходи | 612.826.571,00 | | | 612.621.174,00 |
| 247 | - - Други приходи | 363.550,00 | | | 1.639.239,00 |
| 249 | - - Вонредни приходи | 107.770,00 | | | 365.487,00 |
| 250 | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 614.902.517,00 | | | 615.557.753,00 |
| 251 | - - Непокриени расходи (235-250) | 44.441.232,00 | | | 109.321.198,00 |
| 252 | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 659.343.749,00 | | | 724.878.951,00 |
| 438 | - - Број на работници | 137,00 | | | 153,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 2.655.241.482,00 | 4.361.850.068,00 | 1.560.946.139,00 | 2.800.903.929,00 |
| 2 | - - НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 203.367.917,00 | 677.886.382,00 | 410.962.559,00 | 266.923.823,00 |
| 3 | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 1.264.560.297,00 | 2.433.812.120,00 | 1.149.983.580,00 | 1.283.828.540,00 |
| 4 | - - Земјишта и шуми | 140.762.420,00 | 140.762.420,00 | | 140.762.420,00 |
| 5 | - - Градежни објекти | 969.435.860,00 | 1.174.996.773,00 | 151.436.422,00 | 1.023.560.351,00 |
| 6 | - - Опрема | 154.362.017,00 | 1.118.052.927,00 | 998.547.158,00 | 119.505.769,00 |
| 8 | - - МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДГОТОВКА | 1.187.313.268,00 | 1.250.151.566,00 | | 1.250.151.566,00 |
| 10 . | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 444.443.803,00 | 356.850.591,00 | | 356.850.591,00 |
| 11 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 263.134.148,00 | 102.772.225,00 | | 102.772.225,00 |
| 12 | - - Жиро сметка | 262.369.875,00 | 102.134.773,00 | | 102.134.773,00 |
| 13 | - - Благајна | 261.613,00 | 212.957,00 | | 212.957,00 |
| 14 | - - Девизна сметка | 502.660,00 | 424.495,00 | | 424.495,00 |
| 19 | - - КУПУВАЧИ | 75.361.154,00 | 142.968.745,00 | | 142.968.745,00 |
| 20 | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 50.000.000,00 | 50.000.000,00 | | 50.000.000,00 |
| 21 | - - КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА | 162.716,00 | 217.841,00 | | 217.841,00 |
| 23 | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ | 5.611.770,00 | | | |
| 24 | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | 50.174.015,00 | 60.891.780,00 | | 60.891.780,00 |
| 27 | - - Други активни временски ограничувања | 50.174.015,00 | 60.891.780,00 | | 60.891.780,00 |
| 28 | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 1.353.842,00 | 1.353.842,00 | |
| 31 | - - Ситен инвентар | | 1.353.842,00 | 1.353.842,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 3.099.685.285,00 | 4.720.054.501,00 | 1.562.299.981,00 | 3.157.754.520,00 |
| 43 | - - ВОНБИЛАНСНА АКТИВА | 410.351.932,00 | 410.351.932,00 | | 410.351.932,00 |
| 44 | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 1.415.212.792,00 | | | 1.045.303.842,00 |
| 45 | - - Деловен фонд | 1.415.212.792,00 | | | 1.045.303.842,00 |
| 46 | - - РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 52.715.422,00 | | | 505.448.521,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 56.815.947,00 | | | 76.507.247,00 |
| 53 | - - б) Добавувачи | 49.659.581,00 | | | 61.466.911,00 |
| 54 | - - в) Обврски спрема државата за даноци и придонеси и други обврски | 6.210.959,00 | | | 14.017.629,00 |
| 56 | - - Други краткорочни обврски | 945.407,00 | | | 1.022.707,00 |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 1.572.461.649,00 | | | 1.528.015.435,00 |
| 63 | - - Пасивни временски разграничувања пресметани и однапред наплатени приходи | 48.253.319,00 | | | 50.718.128,00 |
| 64 | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 277.180.530,00 | | | 167.859.332,00 |
| 65 | - - Други пасивни временски разграничувања | 1.247.027.800,00 | | | 1.309.437.975,00 |
| 66 | - - РЕЗЕРВЕН ФОНД | 2.479.475,00 | | | 2.479.475,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 3.099.685.285,00 | | | 3.157.754.520,00 |
| 70 | - - ВОНБИЛАНСНА ПАСИВА | 410.351.932,00 | | | 410.351.932,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 669 | - - Наемнини на земјиште(< или = на АОП 209 од БПР) | 2.874.229,00 | | | 3.199.596,00 |
| 670 | - - Отпремнини за пензија(< или = на АОП 216 од БПР) | 586.748,00 | | | 1.630.167,00 |
| 673 | - - Помош за вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 5.816.744,00 | | | 8.868.107,00 |
| 674 | - - Јубилејни награди(< или = на АОП 216 од БПР) | 163.297,00 | | | 3.835.513,00 |
| 677 | - - Помошти, донации и други давања на субјектите во добра и услуги(< или = на АОП 227 од БПР) | 7.980.000,00 | | | 32.932.385,00 |
| 680 | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 126.521.829,00 | | | 152.782.827,00 |
| 681 | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 54.006.955,00 | | | 65.281.653,00 |
| 682 | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 12.353.010,00 | | | 15.083.810,00 |
| 686 | - - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР) | 1.589.171,00 | | | 923.530,00 |
| 687 | - - Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР) | 15.455,00 | | | 8.323,00 |
| 695 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 137,00 | | | 153,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 360 | - - А. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ-ЗАГУБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 44.441.232,00 | | | 109.321.198,00 |
| 362 | - - В. ВКУПНА ЗАГУБА ЗА ПОКРИВАЊЕ (360+361)=(363+364+365+366) | 44.441.232,00 | | | 109.321.198,00 |
| 366 | - - г) Непокриени расходи -загуба | 44.441.232,00 | | | 109.321.198,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 4476 | - 61.900 - Други телекомуникациски дејности | | | | 615.557.753,00 |

Потпишано од:

Jeton Akiku

CN=Makedonski Telekom CA, O=Makedonski Telekom, C=MK
Makedonski Telekom CA

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Врз основа на член 19 од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019, 222/2024 и 59/2025) и член 15 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации бр.1102-22/6 од 15.12.2014 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на 09.03.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за усвојување на годишната сметка за
Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Проф.д-р Орце Симов, претседател

Бр.1102- 12/4
Скопје,09.03.2026 година

www.aek.mk

2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1102-11/9
10.03.2026 година

ЕМБС: 06005284
Целосно име: АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Проект
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 59.208.045,00 | 55.320.462,00 | | 55.320.462,00 |
| 11 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 58.735.821,00 | 55.118.920,00 | | 55.118.920,00 |
| 12 | - - Жиро сметка | 58.735.821,00 | 55.118.920,00 | | 55.118.920,00 |
| 19 | - - КУПУВАЧИ | 472.224,00 | 201.542,00 | | 201.542,00 |
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 59.208.045,00 | 55.320.462,00 | | 55.320.462,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061) | 4.924,00 | | | |
| 56 | - - Други краткорочни обврски | 4.924,00 | | | |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 59.203.121,00 | | | 55.320.462,00 |
| 65 | - - Други пасивни временски разграничувања | 59.203.121,00 | | | 55.320.462,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 59.208.045,00 | | | 55.320.462,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

**Потпишано од:**

Jeton Akiku

CN=Makedonski Telekom CA, O=Makedonski Telekom, C=MK
Makedonski Telekom CA

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## на непрофитни организации

ДБ-НП/ВП

* Попонува Управа за јавни приходи

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4030005556148 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | AGENCIJA ZA ELEKTRONSKI KOMUNIKACII SKOPJE KEJ DIMITAR VLAHOV . 21 СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| Телефон | 02/3289-200 |
| е-пошта | contact@aec.mk |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | 10/03/2026 13:41:04<br>1003261701 02 |
| Даночен период од | 01/01/2025 до 31/12/2025 |
| Рок за поднесување | 15/03/2026 |
| Исправка на ДБ-НП/ВП | Број |

## ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис на дејност | Шифра НАЦЕ | 61,9 | Назив НАЦЕ | Други телекомуникациски дејности |
| Организационен облик | Шифра | 04.1 | Назив на организационен облик | агенција |

## А. УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

"без дени"

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| I. | ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ | | |
| 1. | Приходи од продажба на производи и стоки | 01 | 0 |
| 2. | Приходи од услуги | 02 | 0 |
| 3. | Приходи од кирии и закупнини | 03 | 0 |
| 4. | Сопствени приходи | 04 | 612621174 |
| II. | ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ (збир од АОП 01 до 04) | 05 | 612621174 |
| III. | НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ ЗА 1.000.000 денари (член 4-а од Законот за данокот на добивка) | 06 | 1000000 |
| IV. | ВКУПНИ ПРИХОДИ ПО НАМАЛУВАЊЕ (реден број II - III) | 07 | 611621174 |
| V. | ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД (IV* 1%) | 08 | 6116212 |

Мара Мицковска

# Ревизорски извештај од независен овластен ревизор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1102-12/10
10.03.2026 година

# Агенција за електронски комуникации

## Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 и Извештај на независниот ревизор

bakertilly
JOANIDIS

bakertilly
JOANIDIS

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | 4 |
| **Финансиски извештаи** | |
| Биланс на приходи и расходи | 8 |
| Биланс на состојба | 9 |
| Извештај за промени во изворите на деловните средства | 10 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 11 |


Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

## Општи податоци

**Членови на Комисија на Агенција за електронски комуникации, Скопје**

Орце Симов, Претседател

Анкица Трпковска, Заменик претседател

Анѓелка Диневска, Член

Адмирим Алити, Член

Насер Адеми, Член

**Директор на Агенција за електронски комуникации, Скопје**

Јетон Акику

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

*До Собранието на Република Северна Македонија и Раководството на Агенцијата за електронски комуникации Скопје*

## *Мислење со резерва*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за електронски комуникации Скопје (во понатамошниот текст "АЕК" или "Агенцијата"), коишто го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2025 година, и билансот за приходи и расходи и извештајот за промени во изворите на деловните средства за годината којашто завршува тогаш, и белешките кон финансиските извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, со исклучок на потенцијалните ефекти од прашањата наведени во делот *Основа за мислење со резерва* од нашиот извештај, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата заклучно со 31 декември 2025 година, како и нејзината финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш, во согласност со применливата регулатива за сметководство на непрофитни организации во Република Северна Македонија.

## *Основа за мислење со резерва*

Како што е обелоденето во Белешка 14 - Побарувања од купувачи, приложена кон придружните финансиски извештаи на Агенцијата, со состојба на 31 декември 2025 година Агенцијата има евидентирано побарувања од купувачи во вкупен износ од 142,969 илјади денари. Во овие побарувања се вклучени: тужени побарувања, побарувања доставени за наплата пред нотар, и останати побарувања постари од една година, во износ од 57,372 илјади денари. Значаен дел од нив се однесува на тужени побарувања од еден телекомуникациски оператор, иницирани од 2005 година, кое е сѐ уште во тек. Агенцијата нема извршено проценка на можната загуба по основ на овие побарувања. Поради постојната значајна неизвесност во однос на нивната наплатливост, не бевме во можност да го утврдиме износот на потенцијалното оштетување.

Како што е обелоденето во Белешка 18 - Побарувања за дадени аванси и депозити, приложена кон придружните финансиски извештаи на 31 декември 2025 година, Агенцијата евидентира побарување по депозит во износ од 50,000 илјади денари во Експорт Импорт банка АД Скопје – во стечај. Овој депозит претставува наменски орочен депозит уплатен во 2001 година од страна на Управата за телекомуникации, чиј правен следбеник е Агенцијата. Агенцијата не обезбеди документација врз основа на која е утврдено побарување кон стечајната маса за наведените средства. Поради недостиг на соодветни ревизорски докази, не бевме во можност да се увериме во правилноста на прикажувањето на ова побарување во финансиските извештаи, ниту да оцениме дали Агенцијата има потенцијални идни права или обврски поврзани со овие средства.

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Агенцијата во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и Меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

***Основа за мислење со резерва (продолжува)***

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

***Останати прашања***

Финансиските извештаи на Агенцијата за претходната година што завршува на 31 декември 2024 година беа предмет на ревизија од друг независен ревизор, кој во својот извештај од 7 март 2025 година изразил мислење со резерва. Резервата се однесуваше на прашања поврзани со наплатливоста на тужени побарувања, неизвршена проценка на обезвреднување на застарени побарувања, побарување по основ на депозит во банка во стечај, признавањето на земјиште и неусогласеност помеѓу инвестициите во тек и нивните извори на средства.

***Други информации***

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од информации вклучени во Годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството на Агенцијата во согласност со Законот за електронските комуникации, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во *Извештајот за други правни и регулаторни барања.*

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата или поинаку, произлегува дека се материјално погрешни. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

***Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со регулативата за сметководство на непрофитните организации во Република Северна Македонија и за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Агенцијата да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира Агенцијата или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Агенцијата.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

***Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи***

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основ на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто, така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешната контрола.

- Стекнуваме разбирање за внатрешната контрола кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контролана Агенцијата.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управување, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на нашата ревизија.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

### *Извештај за други правни и регулаторни барања*

Како што е наведено во пасусот *Други информации*, Раководството на Агенцијата е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Агенцијата за 2025 година во согласност со член 11 од Законот за електронските комуникации. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на посебниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1 точка (д) од Законот за ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Агенцијата, со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година се конзистентни, во сите материјални аспекти со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Агенцијата за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Овластен ревизор
Александар Аризанов

Скопје,
19 март 2026 година

Управител
Љубица Јоанидис

Друштво за ревизија
Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје

Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

7

*(во илјади денари)*

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од услуги | 3 | 612,621 | 612,827 |
| Камати и курсни разлики | 4 | 932 | 1,605 |
| Останати приходи | 5 | 2,005 | 471 |
| | | **615,558** | **614,903** |
| **ТРОШОЦИ** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 6 | (89,040) | (76,811) |
| Капитални расходи | 7 | (205,297) | (220,936) |
| Расходи за вработени | 8 | (249,026) | (200,139) |
| Програмски расходи | 9 | (142,466) | (147,359) |
| Помошти, донации и други давачки | 10 | (32,932) | (7,980) |
| **Вкупно оперативни трошоци** | | **(718,763)** | **(653,225)** |
| **(Непокриени расходи)/Вишок на приходи пред оданочување** | | **(103,205)** | **(38,323)** |
| Данок на добивка | | (6,116) | (6,118) |
| **(Непокриени расходи)/Вишок на приходи по оданочување** | | **(109,321)** | **(44,441)** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие финансиски извештаи беа одобрени од страна на Комисијата и раководството на Агенцијата со одлука бр 1102-12/3 на 9 март 2026 година.

Одобрено од

*Јетон Акику*
*Директор*

Република Македонија Агенција за електронски комуникации Скопје

Составено од

*Владимир Велкоски*
*Раководител на финансии*
*Овластување бр. 0100746*

8

*(во илјади денари)*

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 12 | 266,924 | 203,368 |
| Недвижности, постројки и опрема | 12 | 1,283,829 | 1,264,560 |
| Вложувања во подготовка | 12 | 1,250,152 | 1,187,313 |
| | | **2,800,904** | **2,655,241** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 13 | 102,772 | 263,134 |
| Побарувања од купувачи | 14 | 142,969 | 75,361 |
| Активни временски разграничувања | 15 | 60,892 | 50,174 |
| Побарувања за дадени аванси и депозити | 16 | 50,000 | 50,000 |
| Останати побарувања | 17 | 218 | 5,774 |
| | | **356,850** | **444,444** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3,157,754** | **3,099,685** |
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | | 1,045,304 | 1,415,213 |
| Ревалоризациска резерва | | 505,449 | 52,715 |
| Резервен фонд | | 2,479 | 2,479 |
| | | **1,553,232** | **1,470,408** |
| **Пасивни временски разграничувања** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 18 | 1,528,015 | 1,572,462 |
| | | **1,528,015** | **1,572,462** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 19 | 61,467 | 49,660 |
| Обврски за даноци | 20 | 13,878 | 6,118 |
| Останати тековни обврски | 20 | 1,162 | 1,038 |
| | | **76,507** | **56,816** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **3,157,754** | **3,099,685** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

9

*(во илјади денари)*

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА**

| | Деловен фонд и ревалоризациска резерва | Резервен фонд | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2025** | **1,467,928** | **2,479** | **1,470,408** |
| Набавка на материјални и нематеријални средства | 153,074 | - | 153,074 |
| Расходувани материјални и нематеријални средства | 314 | - | 314 |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (131,916) | - | (131,916) |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 61,353 | - | 61,353 |
| **На 31 декември 2025** | **1,550,752** | **2,479** | **1,553,232** |
| | | | |
| **На 01 јануари 2024** | **1,385,010** | **2,479** | **1,387,490** |
| Набавка на материјални и нематеријални средства | 135,111 | - | 135,111 |
| Расходувани материјални и нематеријални средства | (694) | - | (694) |
| Амортизација на материјални и нематеријални средства | (112,805) | - | (112,805) |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 61,306 | - | 61,306 |
| **На 31 декември 2024** | **1,467,928** | **2,479** | **1,470,408** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

10

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1. Општи информации

Агенцијата за електронски комуникации, Скопје е основана со Закон за електронски комуникации во 2005 година (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25) како самостојно, непрофитно регулаторно тело на пазарите за електронски комуникации во Република Северна Македонија и има статус на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон. Во трговскиот регистар, Агенцијата е запишана со регистарска влошка бр. 1-70638-0-0-0 од 24 јуни 2005 година. Во Централниот регистар на Република Северна Македонија АЕК е запишана под ЕМБС 06005284. Седиштето на АЕК се наоѓа на Кеј Димитар Влахов бр.21 Скопје, Република Северна Македонија. Република Северна Македонија е основач на Агенцијата, а основачките права во поглед на имотот и средствата за работа ги има Собранието на Република Северна Македонија. Имотот и средствата за работа ги користи и со нив управува Агенцијата.

Приоритетна дејност на АЕК е со шифра 61.900 - Други телекомуникациски дејности. АЕК има цврсто дефинирани цели кои треба да се постигнат и при тоа е насочена кон постигнување на целите на конкретен пазар во кој ќе се создадат услови за крајните корисници да ги користат електронски комуникациски услуги со најдобар квалитет и по најповолни цени. АЕК во работењето и донесувањето одлуки е независна од било кој државен орган или тело кое обезбедува електро комуникациски мрежи и/или услуги при регулација на пазарите на електронски комуникации. Агенцијата во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка со целосна одговорност и за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија. Работењето на АЕК поблиску се уредува со Статутот на Агенцијата.

Врз основа на Законот за електронски комуникации, член 8 (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25) и Статутот на АЕК, член 7 (бр. 1102-22/6 од 15.12.2014), АЕК ги извршува работите од својот делокруг во согласност со Законот и прописите донесени врз негова основа, како и врз основа на националната стратегија за развој во областа на електронските комуникации и информатички технологии, други стратешки документи, акциони планови од областа на електронските комуникации, медиуми и меѓународни договори од областа на електронските комуникации кои ги склучила или на кои им пристапила Република Северна Македонија.

Органи на управување на АЕК се Комисијата и Директорот. Комисијата се состои од 5 члена вклучувајќи го и претседателот и заменикот на претседателот и истата ја именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисија за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија. Својата работа Комисијата ја врши врз основа на утврдените овластувања во Законот за електронски комуникации. Со АЕК раководи Директор кој се именува од страна на Комисијата по пат на јавен конкурс. Директорот раководи со Агенцијата и е одговорен за законското работење. Именувањето, надлежностите и разрешувањето на Директорот се врши согласно Законот за електронски комуникации.

Работењето на Агенцијата се финансира од средства остварени од приходите од надоместоците предвидени со Законот за електронски комуникации.

Нереализирани средства од годишниот финансиски план на Агенцијата од претходната година се пренесуваат во годишниот финансиски план за наредната година.

## 1. Општи информации (продолжува)

Согласно Законот за електронски комуникации, член 26, став 23, Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25, до денот на започнување со примена на Законот за вработени во јавен

сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20, 302/20 и 208/24) и Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 4/20, 215/21, 99/22 и 208/24)

Просечниот број на вработени во Агенцијата за 2025 година изнесува 142 вработени (2024: 137 вработени).

## 2. Сметководствени политики

Основните сметководствени политики кои се применети при подготвувањето на финансиските извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на презентираните години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1. Основа за подготвување на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со одредбите од Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на РМ бр.24/2003, 17/2011, У. суд 80/2005, 154/2015), Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 42/2003, 8/2009, 12/2009, 175/2011), Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/2005, 11/2006) и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/2005).

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година. Функционална и известувачка валута на Агенцијата е македонски денар. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.2. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства на сметките на Агенцијата за електронски комуникации отворени во банките и во благајната искажани во денари се водат во номинални износи според доставениот извор за промет на тие сметки. Висината на благајничкиот максимум се определува со одлука донесена од директорот на Агенцијата. Девизните средства на сметките во банките и благајната се искажуваат според среден курс на Народна Банка на Република на денот на билансот на состојба.

### 2.3. Побарувања од купувачи

Побарувањата се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи, намалени за исправка на ненаплатливи побарувања по основ на застареност на побарувањето, правосилна судска одлука и пријавено ненаплатливо побарување од субјекти во стечај и ликвидација.

Побарувањата од купувачи се признаваат и евидентираат во моментот на издавање на:

- Излезна фактура со годишен надоместок за користење на радиофреквенции врз основа на доделено Одобрение за користење на радиофреквенции;
- Излезна фактура за годишен надоместок за користење на броеви и серии на броеви врз основа на Решение за користење на броеви и серии на броеви;
- Излезна фактура за годишен надоместок за надзор на пазарот на електронски комуникации врз основа на реално утврдени приходи на операторите и давателите на јавни електронски комуникациски услуги; и
- Излезна фактура за тендерска документација.

## 2.4. Материјални и нематеријални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата. Последователно на секој датум на известување, тие се ревалоризираат со примена на официјално објавени коефициенти на ревалоризација врз нивната (ревалоризирана) набавна вредност и (ревалоризирана) исправка на вредноста. Нето ефектот од ревалоризацијата се признава на товар на изворите на деловните средства.

Изворите на деловни средства на Агенцијата се зголемуваат за износот на вредноста на набавени материјални и нематеријалните средства. Материјалните и нематеријалните средства се признаваат како капитален трошок во период на стекнување, односно кога средствата (во готовина или во средства) се примени од добавувачите.

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во билансот на успех во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

Амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално со цел да се алоцира нивната набавна вредност до нивната резидуална вредност во текот на проценетиот век на употреба, со примена на следните годишни стапки за амортизација:

| | 2025 |
|---|---|
| Градежни објекти | 1%-3% |
| Компјутери, мебел и друга опрема | 10%-20% |
| Транспортни средства | 15%-25% |
| Софтвер | 20% |

Трошокот за амортизација се признава на товар на изворите на деловните средства.

## 2.5. Тековен и одложен данок на добивка

Данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

*(а) Тековен данок на добивка*

*Данок на вкупен приход – 2025 година*

Данокот на вкупен приход се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година на износот кој надминува 1.000.000 денари.

*(б) Одложен данок на добивка*

Одложени даноци се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива и се прикажани со користење на метода на обврски за сите времени разлики. Одложените даночни обврски се признаваат за сите одбитни времени разлики земајќи во предвид дека веројатноста оданочивата добивка ќе биде искористена наспроти одбитните времени разлики. Во финансиските извештаи, нема времени оданочиви разлики.

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година Агенцијата нема евидентирано одложени даночни обврски односно средства.

## 2.6. Извори на деловни средства

Изворите на деловни средства во Билансот на состојба кај АЕК се проценуваат според утврдена вредност на стекнатиот:

- Деловен фонд;
- Ревалоризациона резерва и
- Резервен фонд.

## 2.7. Обврски

Обврските кон добавувачите и вработените, како и обврските за плати, даноци, придонеси и останати тековни обврски се искажуваат по нивна номинална вредност.

Обврските евидентирани во девизи се пресметуваат по среден курс на НБРСМ.

## 2.8. Признавање на приходи и расходи

Критериумите за признавање на приходи и расходи во Агенцијата се засновани врз сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции како што следи:

- Приходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале, доколку се мерливи и расположливи. Приходите се мерливи доколку се определени во однос на вредност. Приходите се расположливи кога се генерирани и настанати во пресметковниот период или во рок од 15 односно 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов истите да се однесуваат на пресметковниот период и се користат за покривање на обврските за соодветниот пресметковен период.
- Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов поврзаните обврски да се настанати во тој пресметковен период.

## 2.9. Странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари по средниот курс на Народна Банка на Република

Северна Македонија на последниот ден од периодот на известување. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики се прикажани во билансот на успех како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 УСД | 52.3050 Денари | 58,8807 Денари |
| 1 ЕУР | 61.4950 Денари | 61,4950 Денари |
| 1 ЦХФ | 66.1735 Денари | 65,1775 Денари |

| **3. Приходи од услуги** | **2025 мкд 000** | **2024 мкд 000** |
|---|---|---|
| Приходи од користење на радиофреквенции | 496,011 | 498,009 |
| Приходи од користење на броеви | 55,451 | 57,208 |
| Приходи од надзор на пазар | 61,159 | 57,610 |
| **Вкупно приходи од услуги** | **612,621** | **612,827** |

Сопствените приходи од услуги кои Агенцијата ги остварува претставуваат приходи од годишни надоместоци за користење на радиофреквенции, броеви и серии на броеви како и надзор на пазарот на електронски комуникации. Приходите се остваруваат врз основа на Правилници за пресметување на годишните надоместоци кои се наплатуваат од операторите.

| **4. Камати и курсни разлики** | **2025 мкд 000** | **2024 мкд 000** |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 924 | 1,589 |
| Приходи од позитивни курсни разлики | 8 | 15 |
| **Вкупно камати и курсни разлики** | **932** | **1,605** |

| **5. Останати приходи** | **2025 мкд 000** | **2024 мкд 000** |
|---|---|---|
| Приходи од надомест на штета од осигурителни компании | 1,113 | 125 |
| Приходи од вработени по договори | - | 7 |
| Останати приходи | 892 | 339 |
| **Вкупно останати приходи** | **2,005** | **471** |

Белешки кон финансиски извештаи

| 6. Материјални расходи, услуги и амортизација | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали | 2,911 | 3,070 |
| Гориво и електрична енергија | 7,184 | 6,579 |
| Трошоци за поправки и одржување | 60,768 | 51,116 |
| Трошоци за телефон, интернет и други поштенски услуги | 7,379 | 6,072 |
| Останати трошоци за материјали | 3,318 | 2,314 |
| Репрезентација | 4,280 | 4,786 |
| Трошоци за наем | 3,200 | 2,874 |
| **Вкупно материјални расходи, услуги и амортизација** | **89,040** | **76,811** |

| 7. Капитални расходи | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Изградба на антенски системи | 81,671 | 64,593 |
| Набавка на опрема, софтвер и канцелариски мебел | 106,663 | 152,450 |
| Останата опрема | 16,963 | 3,894 |
| **Вкупно капитални расходи** | **205,297** | **220,936** |

| 8. Расходи за вработени | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Нето-плати | 152,783 | 126,522 |
| Придонеси за плати | 65,282 | 54,007 |
| Персонален данок | 15,084 | 12,353 |
| Останати трошоци за вработени | 15,878 | 7,257 |
| **Вкупно расходи за вработени** | **249,026** | **200,139** |

| 9. Програмски расходи | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Надоместок за ОТА | 78,313 | 77,135 |
| Обуки и семинари | 2,547 | 22,033 |
| Други договорни услуги | 17,172 | 13,382 |
| Останати трошоци | 6,613 | 1,668 |
| Трошоци за обезбедување | 8,995 | 8,995 |
| Трошоци за службени патувања | 11,491 | 8,838 |
| Осигурување на имот | 9,584 | 7,616 |
| Патничко осигурување | 82 | - |
| Членарини | 6,199 | 5,369 |
| Трошоци за реклама, пропаганда и маркетинг истражувања | 1,104 | 1,074 |
| Отпис на побарувања | 17 | 946 |
| Банкарски провизии | 351 | 302 |
| **Вкупно програмски расходи** | **142,466** | **147,359** |

| 10. Помошти, донации и други давачки | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Помошти, донации и други давачки | 32,932 | 7,980 |
| **Вкупно помошти, донации и други давачки** | **32,932** | **7,980** |

| 11. Данок на добивка | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи од вршење на стопанска дејност** | **612,621** | **612,827** |
| Намалување на приходот за 1,000,000 денари | (1,000) | (1,000) |
| **Вкупни приходи по намалување** | **611,621** | **611,827** |
| **Годишен данок на вкупен приход** | **6,116** | **6,118** |

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024, Агенцијата го применува Член 4-а од Законот за данок на добивка (Сл. весник бр. 275/2019 од 27 декември 2019 година) и пресметува данок на вкупен приход согласно тој член по стапка од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година на износот кој надминува 1,000,000 денари.

| 12. Недвижности, постројки и опрема | Земјиште | Градежни објекти | Возила | Опрема | Инвестиции во тек | Нематеријални средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | | |
| **01 јануари 2024** | **140.762** | **1.047.217** | **152.426** | **1.007.992** | **1.103.889** | **434.097** | **3.886.382** |
| Набавки во текот на годината | - | - | - | 37.670 | 218.535 | 97.441 | 353.646 |
| Расходувања и отуѓувања | - | - | - | (2.433) | - | - | (2.433) |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | - | - | (135.111) | - | (135.111) |
| Ревалоризација на набавна вредност | - | 55.502 | 848 | 11.995 | - | 12.006 | 80.351 |
| **31 декември 2024/01 јануари 2025** | **140 762** | **1.102.719** | **153.273** | **1.055.224** | **1.187.313** | **543.543** | **4.182.835** |
| Набавки во текот на годината | - | 19.073 | - | 12.455 | 215.912 | 121.545 | 368.985 |
| Расходувања и отуѓувања | - | (1.185) | - | (106.257) | - | (3.081) | (110.523) |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | - | - | (153.074) | - | (153.074) |
| Ревалоризација на набавна вредност | - | 54.390 | 842 | 2.516 | - | 15.878 | 73.626 |
| **31 декември 2025** | **140.762** | **1.174.997** | **154.115** | **963.938** | **1.250.152** | **677.886** | **4.361.850** |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | | | |
| **01 јануари 2024** | - | **(115.935)** | **(124.978)** | **(877.264)** | - | **(279.306)** | **(1.397.483)** |
| Амортизација за годината | - | (10.679) | - | (47.321) | - | (54.805) | (112.805) |
| Расходувања и отуѓувања | - | - | - | 1.739 | - | - | 1.739 |
| Ревалоризација на амортизација | - | (6.670) | (406) | (5.905) | - | (6.065) | (19.045) |
| **31 декември 2024/01 јануари 2025** | - | **(133.283)** | **(125.384)** | **(928.751)** | - | **(340.175)** | **(1.527.594)** |
| Амортизација за годината | - | (11.226) | - | (53.442) | - | (67.249) | (131.916) |
| Расходувања и отуѓувања | - | 178 | - | 107.500 | - | 3.159 | 110.837 |
| Ревалоризација на амортизација | - | (7.106) | (505) | 2.035 | - | (6.697) | (12.273) |
| **31 декември 2025** | - | **(151.436)** | **(125.889)** | **(872.658)** | - | **(410.963)** | **(1.560.946)** |
| **Нето евидентирана вредност** | | | | | | | |
| **На 31 декември 2024** | **140,762** | **969,436** | **27,889** | **126,473** | **1,187,313** | **203,368** | **2,655,241** |
| **На 31 декември 2025** | **140,762** | **1,023,560** | **28,226** | **91,280** | **1,250,152** | **266,924** | **2,800,904** |

## 12. Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

**Земјиште**

Врз основа на одлуките на Владата на Република Северна Македонија, во периодот 2005–2013 година, на Агенцијата ѝ беше дадено земјиште со право на трајно користење, без надоместок.

**Залог**

Агенцијата нема воспоставено залог врз недвижностите, постројките и опремата. Сите средства се користат исклучиво за извршување на деловните активности на Агенцијата, во согласност со нејзината намена и законските прописи.

| 13. Пари и парични еквиваленти | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 102,328 | 262,563 |
| Кредитни картички | 231 | 309 |
| Денарска благајна | 59 | 9 |
| Девизна благајна | 154 | 253 |
| **Вкупно пари и парични еквиваленти** | **102,772** | **263,134** |

| 14. Побарувања од купувачи | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 142,957 | 75,349 |
| Побарувања од купувачи во странство | 12 | 12 |
| **Вкупно побарувања од купувачи** | **142,969** | **75,361** |

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, во рамки на побарувањата од купувачи се евидентирани тужени побарувања и побарувања доставени на наплата пред нотар во вкупен износ од 52.734 илјади денари (2024: 51.935 илјади денари). Дополнително, евидентирани се и побарувања во износ од 4.638 илјади денари (2024: 4.641 илјади денари) кои се постари од една година и за кои постојат индикации за обезвредување.

На 31 декември 2025 година, најголемиот дел од тужените побарувања за дополнително фактурирани побарувања за годишен надоместок за радиофреквенции за 2005 година, во износ од 49.818 илјади денари (2024: 49.818 илјади денари), се однесуваат на побарувања од Македонски Телеком АД Скопје. За овие побарувања Агенцијата има поведено судски постапки, при што исходот на истите сè уште е неизвесен.

| 15. Активни временски разграничувања | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Други активни временски разграничувања | 60,892 | 50,174 |
| **Вкупно активни временски разграничувања** | **60,892** | **50,174** |

| 16. Побарувања за дадени аванси и депозити | 2025<br>мкд 000 | 2024<br>мкд 000 |
|---|---|---|
| Побарувања за депозит | 50,000 | 50,000 |
| **Вкупно побарувања за дадени аванси и депозити** | **50,000** | **50,000** |

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, побарувањата по основ на депозит на Агенцијата се однесуваат на пласиран наменски орочен депозит во износ од 50.000 илјади денари во Експорт Импорт Банка АД Скопје – во стечај, согласно одлука бр. 02-691/3 од 7 март 2001 година донесена од Владата на Република Македонија, за финансирање на домашен правен субјект. Побарувањето е пријавено во стечајната маса од страна на тогашната Управа за телекомуникации Скопје, чиј правен наследник е Агенцијата. Стечајната постапка во Експорт Импорт Банка АД Скопје – во стечај е сè уште во тек. Овие побарувања се постари од десет години и за нив постојат индикации за обезвредување.

| 17. Останати побарувања | 2025<br>мкд 000 | 2024<br>мкд 000 |
|---|---|---|
| Побарувања од вработени | 218 | 163 |
| Побарувања за повеќе платен ДД | - | 5,612 |
| **Вкупно останати побарувања** | **218** | **5,774** |

| 18. Пасивни временски разграничувања | 2025<br>мкд 000 | 2024<br>мкд 000 |
|---|---|---|
| Однапред пресметани обврски за инвестиции во тек | 1,250,152 | 1,187,313 |
| Дел од вишокот на приходи за пренос во наредна година | 167,859 | 277,181 |
| Однапред пресметани приходи за користење радио фреквенции | 46,064 | 45,913 |
| Резервирање поради оштетување на останати побарувања од купувачи | 59,286 | 59,715 |
| Однапред пресметани обврски за камата | 1,362 | 1,404 |
| Однапред пресметани обврски за надзор на пазар | 754 | 126 |
| Однапред пресметани приходи | 465 | 476 |
| Однапред пресметани обврски за користење на броеви | 2,073 | 333 |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | **1,528,015** | **1,572,462** |

Во 2020 година, Агенцијата спроведе сметководствена корекција (рекласификација) со истовремено зголемување на пасивните временски разграничувања и намалување на изворите на деловни средства за вредноста на сите активни инвестиции во тек на 2020 година во вкупен износ од 561,920 илјади денари. Последователно, во текот на 2025 и 2024 година, направени се инвестиции во тек во износ од 215,912 илјади денари (2025 година) и 218,535 (2024 година), со што со состојба на 31 декември 2025 вкупното салдо изнесува 1,250,152 илјади денари (види Белешка 12).

| 19. Обврски кон добавувачи | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 58,297 | 46,995 |
| Обврски кон добавувачи во странство | 3,170 | 2,665 |
| **Вкупно обврски кон добавувачи** | **61,467** | **49,660** |

Со состојба на 31 декември 2025, Агенцијата има обврски кон добавувачи во земјата во износ од 61,467 илјади денари (2024: 49,660 илјади денари). Најголемиот дел од обврските во 2025 година во износ од 36,712 илјади денари се однесуваат на обврски кон друштвото Гранит АД Скопје по основ на инвестиции во тек за Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции.

Со состојба за 31 декември 2025 година, Агенцијата има вкупни обврски кон добавувачи во странство во износ од 3,170 илјади денари (2024: 2,665 илјади денари) од кои најголем дел се однесуваат на обврски кон International Telecommunication Union.

| 20. Останати тековни обврски | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Обврски за помалку платен ДДВ | 7,762 | - |
| Обврски за данок на добивка | 6,116 | 6,118 |
| Обврски за примени аванси | 122 | 122 |
| Останати обврски | 1,040 | 916 |
| **Вкупно останати тековни обврски** | **15,040** | **7,156** |

## 21. Потенцијални и преземени обврски

*Судски спорови*

Со состојба на 31 декември 2025 година, активните судски спорови се вкупно во износ од 52,734 илјади денари (31 декември 2024 година: 51,935 илјади денари). Најголем дел на износ од 49,818 илјади денари се однесуваат на тужба од страна на Македонски Телеком АД Скопје, по пресуда ТСЖ број 135/22 на Апелационен Суд, со која се усвојува тужбено барање во износ од 38,970 денари со камата. На што од страна на Друштвото поднесена е жалба на ревизијата против ТСЖ број 135/22 на Апелационен Суд до Врховен суд и е донесено решение за прекинување на постапката се до завршување на постапката започната од тужениот во вредност од 49,818 илјади денари. Од страна на тужениот Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје, како универзален правен следбеник на Т-Мобиле Македонија АД Скопје, доставил предлог за повторување на постапката, при што Основен Граѓански суд Скопје, на 25.10.2023 носи Решение под број ПЛ1-ТС-1452/23 со кое предлог за повторување на постапката се дозволува а пресудата на Основен суд Скопје 2 Скопје, ПЛ1-1178/11 од 27.10.2014 година, во делот со кој тужениот е задолжен да му плати на тужителот долг во износ од 38,970.598 денари со камата пресметана од 18.05.2007 година на име доплата на годишен надомест за користење на радиофреквенции од 2005 година и пресудата од Апелационен суд Скопје ТСЖ бр. 135/11 од 06.05.2022 година се укинуваат.

## 21. Потенцијални и преземени обврски (продолжува)

Причината за предлогот за повторување на постапката се докази за тужениот, кои доколку биле употребени и достапни во поранешната постапка за тужениот би се донела поповолна пресуда. Со Решение број ТСЖ-1808/23 од 11.06.2025 година, Апелациониот суд Скопје ја уважува жалбата на тужителот, односно Решението на Основен граѓански суд Скопје ПЛ1-ТС-1452/23 од 25.10.2023 година се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување. До моментот на издавање на извештајот, неизвесно е дали Агенцијата ќе го наплати побарувањето, односно според конфирмација од Адвокатот исходот по овој предмет е неизвесен и судските постапки ќе продолжат и во 2026 година

*Даночен ризик*

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Агенцијата подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценките на Раководството на Агенцијата и на датумот на овие извештаи не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат потенцијални материјално значајни обврски по овој основ.

## 22. Последователни настани

По 31 декември 2025 година – датумот на известувањето, до денот на одобрување на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за обелоденување во овие финансиски извештаи.

Contact us

Ljubica Joanidis
Certified Auditor, Manager
joanidis@bakertilly.mk
T: +389 75 333 810

www.bakertilly.mk

### About Baker Tilly Joanidis

Baker Tilly Joanidis is a full-service accounting and audit firm that offers industry specialized services in assurance, tax and audit.

bakertilly
JOANIDIS

Врз основа на член 19 од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019,222/2024 и 59/2025) и член 15 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации бр.1102-22/6 од 15.12.2014 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на 09.03.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за усвојување на РЕВИДИРАНА годишна сметка на
Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА РЕВИДИРАНА** годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Проф. д-р Орце Симов, претседател

Бр.1102- 12/5
Скопје, 09.03.2025 година

www.aek.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1102-12/11
10.03.2026 година

# Агенција за електронски комуникации
## Компензациски фонд за универзална услуга

**Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 и Извештај на независниот ревизор**

bakertilly
JOANIDIS

bakertilly
JOANIDIS

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | 3 |
| **Финансиски извештаи** | |
| Биланс на состојба | 6 |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Извештај за изворите и користењето на средствата | 8 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 9 |

bakertilly
JOANIDIS

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

*До Собранието на Република Северна Македонија и Раководството на Агенцијата за електронски комуникации Скопје*

## *Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Компензацискиот Фонд за Универзална услуга (во понатамошниот текст "Фондот") формиран во рамките на Агенцијата за електронски комуникации Скопје (во понатамошниот текст "АЕК" или "Агенцијата"), коишто го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2025 година, и билансот за приходи и расходи и извештајот за изворите и користењето на средствата за годината којашто завршува тогаш, како и белешките кон финансиските извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи на Фондот се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со Законот за електронски комуникации и регулативата на Агенцијата за електронски комуникации.

## *Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Фондот во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

## *Останати прашања*

Финансиските извештаи на Фондот за претходната година што завршува на 31 декември 2024 година беа предмет на ревизија од друг независен ревизор кој во својот извештај од 7 март 2025 година изразил мислење без резерва.

## *Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од информации вклучени во Годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството на Агенцијата во согласност со Законот за електронските комуникации, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly JOANIDIS

### *Други информации (продолжува)*

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата или поинаку, произлегува дека се материјално погрешни. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

### *Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со Законот за електронски комуникации и регулативата на Агенцијата за електронски комуникации и за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Фондот да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Фондот или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Фондот.

### *Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто, така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се доволни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешната контрола.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

***Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи (продолжува)***

- Стекнуваме разбирање за внатрешната контрола кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Фондот.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управување, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на нашата ревизија.

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Како што е наведено во пасусот други информации, Раководството на Агенцијата е одговорно за изготвување на годишен извештај за работењето на Агенцијата за 2025 година во согласност со член 11 од Законот за електронските комуникации. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на посебниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Фондот со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1 точка (д) од Законот за ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Агенцијата, со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година се конзистентни, во сите материјални аспекти со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Фондот за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

Овластен ревизор
Александар Аризанов

Скопје,
19 март 2026 година

Управител
Љубица Јоанидис

Друштво за ревизија
Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје

Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ДООЕЛ Скопје

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

5

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)

*(во илјади денари)*

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| | Белешка | За годината што завршува на 31 декември 2025 | 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 3 | 55,119 | 58,736 |
| Побарувања од купувачи | 4 | 202 | 472 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **55,320** | **59,208** |
| **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | | | |
| **Пасивни временски разграничувања** | | | |
| Однапред пресметани обврски за камата | 5 | 983 | 1,014 |
| Однапред пресметани обврски за надоместоци | 5 | 54,337 | 58,189 |
| **ВКУПНО ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | | **55,320** | **59,203** |
| **Останати тековни обврски** | | | |
| Обврски за камата | 6 | - | 5 |
| **ОБВРСКИ ЗА КАМАТА** | | **-** | **5** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **55,320** | **59,208** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие финансиски извештаи беа одобрени од страна на Комисијата и раководството на Агенцијата со одлука бр 1102-12/6 на 9 март 2026 година.

Одобрено од:

*Јетон Акику*
*Директор*

Составено од:

*Владимир Велкоски*
*Раководител на финансии*
*Овластување бр. 0100746*

6

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)

*(во илјади денари)*

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

| | | За годината што завршува на 31 декември | |
|---|---|---|---|
| | Белешка | 2025 | 2024 |
| **ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од услуги | | - | - |
| | | - | - |
| **ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| Капитални расходи | | - | - |
| Расходи за вработени | | - | - |
| Програмски расходи | | - | - |
| **Вкупно тековни трошоци** | | - | - |
| **(Непокриени расходи)/Вишок на приходи пред оданочување** | | - | - |
| Данок на добивка | | - | - |
| **(Непокриени расходи)/Вишок на приходи по оданочување** | | - | - |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

7

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)

*(во илјади денари)*

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
**Компензациски фонд за универзална услуга**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВОРИТЕ И КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА

| 1 Извори на средства | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Наплатена камата од операторите | - | - |
| Наплатени приливи од операторите од претходни години | - | - |
| **Вкупно извори на средства** | - | - |

| 2 Користење на средствата | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Надомест по РЗ Инфо Медиа за Универзална Услуга | | |
| Обезбедување јавни телефонски говорници | 3,608 | 6,484 |
| Платена банкарска провизија | 9 | 12 |
| **Вкупно користење на средствата** | **3,617** | **6,496** |

| | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| **Почетна состојба** | 58,736 | 65,232 |
| **Крајна состојба - неискористени средства** | 55,119 | 58,736 |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

8

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1. Општи информации

Согласно член 6 од Законот за електронски комуникации, Агенцијата е самостојно, непрофитно регулаторно тело на пазарите за електронски комуникации во Република Северна Македонија и има статус на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон. Република Северна Македонија е основач на Агенцијата. Собранието на Република Северна Македонија ги има основачките права во поглед на имотот и средствата за работа на Агенцијата. Имотот и средствата за работа на Агенцијата ги користи и со нив управува Агенцијата.

Согласно член 8 од Законот од електронски комуникации, една од надлежностите на Агенцијата е да раководи и управува со компензацискиот фонд за универзална услуга и да врши исплата на средства од истиот, како и да спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга и склучува договор со истиот. Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието со доставување извештај за својата работа, во кој треба да биде вклучен и извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга. Исто така, Агенцијата е должна да води посебно сметководство за средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, по неговото формирање, како и за средствата од работењето на Агенцијата.

Универзалната услуга опфаќа една или повеќе од следниве услуги:

а) Поврзување на крајниот корисник со јавната телефонска мрежа, на негово разумно барање, со овозможување пристап до јавните телефонски услуги на определена фиксна географска локација, овозможувајќи му појдовни и дојдовни повици во локалниот, националниот и меѓународниот телефонски сообраќај, комуникации преку факсимил и пренос на податоци со брзина од минимум 9600 бит/секунда по прифатлива цена;

б) Обезбедување достапност на податоците од целосниот телефонски именик и од телефонската служба за информации во согласност со член 34 од законот за електронски комуникации;

в) Обезбедување на разумен број јавни телефонски говорници од кои е возможно без надоместок да се бараат броеви на службите за итни повици, за да се задоволат потребите на крајните корисници од аспект на географската опфатеност со задоволителен број на јавни телефонски говорници, со можност за пристап на корисниците со посебни потреби и соодветен квалитет на услуги во согласност со член 34 од Законот и/или;

г) Обезбедување услови за еднаков пристап и употреба на јавните телефонски услуги од страна на крајните корисници со посебни потреби, вклучувајќи и пристап до броеви на службите за итни повици, целосниот телефонски именик и телефонска служба за информации под еднакви услови, како и на другите крајни корисници во Република Северна Македонија.

Агенцијата може да определи еден или повеќе даватели на универзална услуга, со цел да обезбеди овие услуги да бидат достапни за целата територија на Република Северна Македонија. За определување на давателите на јавната услуга Агенцијата е должна да објави јавен тендер за избор на еден или повеќе даватели на јавната услуга.

Агенцијата континуирано го следи работењето на давателите на универзалната услуга, а давателите се должни најмалку еднаш во годината да и доставaт на Агенцијата податоци за своето работење.

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)

## 1. Општи информации (продолжува)

### Пресметка на надоместок за универзална услуга

Давателите на универзалната услуга имаат право на надоместување на реалните трошоци за обелоденување на универзалната услуга.

Реалните трошоци за обезбедување на универзалната услуга се пресметуваат како разлика меѓу реалните трошоци за обезбедување на универзалната услуга и трошоците кои давателот на универзалната услуга би ги имал кога не би бил давател на универзална услуга, при што се земаат предвид поволностите што ги има давателот на универзалната услуга, а што произлегуваат од обезбедување на универзалната услуга, вклучувајќи ги и нематеријалните поволности.

Висината на средствата за надоместување на овие реални трошоци Агенцијата ги обезбедува од операторите кои поседуваат јавни комуникациски мрежи и/или даваат јавни комуникациски услуги на територијата на Република Северна Македонија кои годишно остваруваат минимален бруто приход од 100,000 евра, согласно член 33 од Правилникот за обезбедување на услуги опфатени со универзалната услуга. Износот на средствата изнесува 0% од вкупниот приход од претходните години, остварен со вршење на работи со јавни комуникациски мрежи и/или обезбедување на јавни комуникациски услуги.

Врз основа на доставените податоци од операторите, Агенцијата носи поединечно решение за секој од операторите со кое го утврдува износот на средствата за надоместување на реалните трошоци на давателите на универзална услуга, со што воедно го утврдува и рокот за плаќање. Утврдениот износ операторите го уплатуваат на посебна сметка на Агенцијата за Фондот на Универзална Услуга, најдоцна до 30 април во тековната година. Фондот нема законски основ за пресметување на данок на додадена вредност.

### Даватели на универзална услуга

Со состојба на 31 декември 2025 и 2024 година, единствениот Давател на универзална услуга кој го остварил правото на надомест на реалните трошоци за обезбедување на универзална услуга е РЗ Инфомедиа Дооел Скопје.

## 2. Сметководствени политики

Основните сметководствени политики кои се применети при подготвувањето на финансиските извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на презентираните години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1. Основа за подготвување на финансиските извештаи

Придружните финансиски извештаи се подготвени за целите на известување до Основачот на Агенцијата за електронски комуникации за активностите на Фондот за универзална услуга, во врска со применете средства за надомест на давателите на универзална услуга.

Овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на сметководствено начело за готовински приливи и одливи на Фондот за универзална услуга по основ на надомест на давателите на универзална услуга, како и согласно Законот за електронски комуникации и Правилникот за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга. Врз основа на сметководственото начело за готовински приливи и одливи, приливите се признаваат кога се наплатени со едновремено признавање на пресметана обврска. Пресметаната обврска Фондот ќе ја исплати на операторот кој ќе ги оствари условите за признавање на правото на надомест на трошоците, односно операторот кој ќе биде одреден како давател на универзалната услуга согласно Законот за електронски комуникации.

10

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2025 година и на 31 декември 2024 година. Функционална и известувачка валута на Агенцијата е македонски денар. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во денари, освен доколку не е поинаку наведено.

| 3 Пари и парични еквиваленти | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Денарска сметка - НЛБ | 5,119 | 58,736 |
| Денарска сметка - Халкбанк | 50,000 | - |
| **Вкупно пари и парични еквиваленти** | **55,119** | **58,736** |

| 4 Побарувања од купувачи | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 202 | 472 |
| **Вкупно побарувања од купувачи** | **202** | **472** |

Побарувањата од операторите на 31 декември 2025 година во износ од 202 илјади денари (2024: 472 илјади денари) се однесуваат на побарувања кои Фондот ги наплаќа од операторите за надомест на реални трошоци за обезбедување на универзална услуга.

| 5 Пасивни временски разграничувања | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Однапред пресметани обврски за камата | 983 | 1,014 |
| Однапред пресметани обврски за надоместоци | 54,337 | 58,189 |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | **55,320** | **59,203** |

Однапред пресметаните обврски за камата и надоместоци се однесуваат на пресметки на каматни листи врз основа на неплатени фактури по издадени решенија поврзани со обезбедување на универзална услуга кои на 31 декември 2025 изнесуваат 55,320 илјади денари (2024: 59,203 илјади денари).

| 6 Останати тековни обврски | 2025 мкд 000 | 2024 мкд 000 |
|---|---|---|
| Обврски за камата | - | 5 |
| **Вкупно останати тековни обврски** | **-** | **5** |

Обврската за камата на 31 декември 2025 година во износ од 0 денари (2024: 5 илјади денари) се однесува на каматата пресметана и исплатена од средствата на денарската сметка во банка од која се исплаќаат банкарските провизии.

Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)

**Даночен ризик**

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Агенцијата подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценките на Раководството на Агенцијата и на датумот на овие извештаи не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат потенцијални материјално значајни обврски по овој основ.

## 7. Последователни настани

По 31 декември 2025 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиски извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

12

### About Baker Tilly Joanidis

Baker Tilly Joanidis is a full-service accounting and audit firm that offers industry specialized services in assurance, tax and audit.

**Contact us**
Ljubica Joanidis
Certified Auditor, Manager
joanidis@bakertilly.mk
T: +389 75 333 810

**www.bakertilly.mk**

bakertilly
JOANIDIS

Врз основа на член 19 од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019, 222/2024 и 59/2025) и член 15 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации бр.1102-22/6 од 15.12.2014 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на 09.03.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за усвојување на РЕВИДИРАНА годишна сметка на
Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** РЕВИДИРАНА годишна сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Проф.д-р Орце Симов, претседател

Бр.1102- 12/6
Скопје,09.03.2025 година

www.aek.mk

**Став на Агенцијата за елетронски комуникации во однос на резултатите од извршената**

**ревизија**

**СТАВ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ВО ОДНОС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА**

Независниот овластен ревизор Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенција за електронски комуникации, составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2025 година и Билансот на приходи и расходи за период 01.01.2025 до 31.12.2025 година, Извештајот за промените во изворите на деловните средства за годината што тогаш заврши, преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, како и Извештај за Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година.

Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки во однос на резултатите од извршената ревизија на финансиските извештаи, извештајот на независниот ревизор за работењето на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година, како и извештајот за средствата во Компензацискиот фонд за универзална услуга за работењето во 2025 година.

Во однос на даденото мислење со резерва, Ставот на Агенцијата за електронски комуникации е дека кон овие побарувања од минати години, во овој момент не е возможно да се направи резервирање и обезвреднување со проценка од причина што Агенцијата за електронски комуникации е основана со основачки права на Собранието на Република Северна Македонија, и за сите овие побарувања ги има превземено сите достапни законски средства за наплата на истите (покренати тужби, пријавена стечајна маса, судски предмети). За да се превземе било каква постапка за резервирање и обезвреднување, потребени се соодветни правнички и финансиски документи (конечен судски спор, конечен извештај од стечајна постапка, отпис од Централен регистар или друга финансиска институција). Секое превземање на постапка за резервирање и обезвреднување на овие побарувања без конечен исход од превземените достапни законски средства би било спротивно на интересите на Агенцијата за електронски комуникации и основачот Собранието на Република Северна Македонија.

Овој став на Агенцијата за електронски комуникации е прилог на ревизорскиот извештај, согласно членот 11 став (4) алинеја 4 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Северна Македонија број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25).

Раководител на
Сектор за финансии
Владимир Велкоски

Агенција за електронски комуникации
Директор
Jeton Akiku

Бр. 1102-12/12
Скопје, 10.03.2026

www.aek.mk

Врз основа на член 11 став 6 од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 98/2019, 153/2019, 222/2024 и 59/2025) и член 15 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации бр.1102-22/6 од 15.12.2014 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на 09.03.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

за усвојување на ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година

## Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Проф.д-р Орце Симов, претседател

Бр.1102- 12/7
Скопје,09.03.2025 година

www.aek.mk